Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# (2021-2027)

Скопје, септември 2021 година

Содржина

1. ВОВЕД ....1

2. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ....3

3.1 СОСТОЈБА И РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА ....5

4. ПРЕГЛЕД НА ЕКО-СИСТЕМОТ ВО КОЈ ФУНКЦИОНИРААТ СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....8

4.1. РЕСУРСИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА КУЛТУРА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ....10
4.1.1 ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ....10
4.1.2 ИСТРАЖУВАЊЕ И СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА....11
4.1.3 МЕРЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОЦИЈАЛНОТО ВЛИЈАНИЕ ....11
4.1.4 ВИДЛИВОСТ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ....12
4.2. РЕСУРСИ ЗА ЗАЕМНА ПОДДРШКА, УЧЕЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И КЛУЧНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ЕКО-СИСТЕМОТ ....14
4.2.1 УСЛУГИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ....14
4.2.2 МРЕЖИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАЕМНА ПОДДРШКА....14
4.3. РЕСУРСИ ЗА ДОБИВАЊЕ ПРИСТАП ДО, И РАЗВОЈ НА ПАЗАРИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА15
4.3.1 ЈАВНИ НАБАВКИ ....15
4.3.2. РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИ ПАЗАРИ ПРЕКУ КОМЕРЦИЈАЛНИ И СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ....16
4.3.3 ПОТТИКНУВАЊЕ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ ПРОИЗВОДИ ИЛИ УСЛУГИ ПРОИЗВЕДЕНИ ОД СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ....16
4.4 РЕСУРСИ ЗА ДОБИВАЊЕ ПРИСТАП ДО НАДВОРЕШНИ ФИНАНСИИ ....17
4.4.1 АКТИВИРАЊЕ НА ЈАВНИ ГРАНТОВИ И ПРИВАТНИ ДОНАЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ....17
4.4.2 РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ФИНАНСИИ....18
4.4.3 ИНОВАТИВНИ СОЦИЈАЛНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ....19

5. ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА...19

5.1 НАЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ....19
5.1.1 РАЗВОЈ НА ПОЛИТИКИ ....20
5.1.2 РАЗВОЈ НА ПРАВНА РАМКА....21

6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ....23

6.1 ПРИНЦИПИ ЗА ОСМИСЛУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИТЕ МЕРКИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ....23

**6.2 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАВНА РАМКА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО** .......... 23
**6.3 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: РАЗВИВАЊЕ КУЛТУРА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** .......... 26
**6.4 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: ПОТПОМАГАЊЕ НА МЕЃУСЕБНА ПОДДРШКА, УЧЕЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА КЛУЧНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ЕКОСИСТЕМОТ** .......... 30
**6.5 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: ОВОЗМОЖУВАЊЕ ПРИСТАП ДО И РАЗВОЈ НА ПАЗАРИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** .......... 33
**6.6 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО НАДВОРЕШНИ ФИНАНСИИ** .......... 35

**АКЦИСКИ ПЛАН 2021-2023** .......... 1

## 1. ВОВЕД

Социјалното претприемништво е предмет на јавен дискурс во земјата повеќе од една деценија. Сега е моментот да се изготви Стратегија за развој на социјални претпријатија што ќе обезбеди насоки за развој во оваа област за следните седум години.

Оваа Стратегија е подготвена врз основа на дискусиите во два интензивни круга на консултации со засегнатите страни, најновите студии и процената на можностите на социјалните претпријатија, организациите за поддршка и владините програми за развој на поволен екосистем за развој на социјалните претпријатија.

Главната цел на Стратегијата е да обезбеди насоки засновани на докази и стратешки политики за поттикнување на социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија со цел да учествуваат во плуралистичката социјална пазарна економија.

Стратегијата ја потврдува посветеноста на Владата да го стави социјалното претприемништво на дневен ред и да им даде на социјалните претпријатија улога во транзицијата на земјата кон поправедна, поинклузивна, партиципаторна и одржлива економија и општество.

Стратегијата обезбедува платформа за оправдување и спроведување на пакет мерки, групирани околу пет приоритети. Првиот приоритет што го поддржува спроведувањето на сите други мерки ќе биде воспоставување поволна правна рамка која обезбедува еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија (Поглавје 6.6).

Останатите четири приоритети имаат за цел мобилизирање, обезбедување и зајакнување на ресурсите за:

- создавање култура за социјално претприемништво и јавно препознавање на социјалните претпријатија ( Поглавје 6.2 )
- организирање на меѓусебна поддршка, учење и градење капацитети за социјалните претпријатија и клучните чинители во еко-системот ( Поглавје 6.3 )
- влез и развој на пазари за социјални претпријатија ( Поглавје 6.4 )
- стекнување пристап до надворешни финансии ( Поглавје 6.5 )

Владата ќе ги дизајнира, спроведе и усогласи приоритетните мерки во согласност со принципите на добро управување ( Поглавје 6.1 ), со цел истите да бидат:

- погодни за надминување на недостатоците и задоволување на потребите на социјалните претпријатија и нивниот екосистем, наведени во поглавјата 3 и 4
- ефективни за постигнувањето на целите, опишани во Поглавје 2
- ефикасни во споредба со алтернативните пристапи,
- кохерентни со другите ( Поглавје 5.1 ) Стратегии и програми на Владата (Поглавје 5.2 )
- и одржливи низ времето.

Стратегијата ќе обезбеди кохерентност со Долгорочната стратегија за развој на земјата 2021-2041 која е во фаза на изработка. За таа цел, Стратегијата ги потенцира врските со мерките предвидени во другите долгорочни национални стратегии (на пр. финансиска поддршка за иновативни мали и средни претпријатија, поддршка за градење на капацитети на граѓанските иницијативи за развој, Поглавје 5.1) и ја подвлекува потребата за развивање на синергија меѓу мерките што обезбедуваат или олеснуваат пристап до достапни, сигурни и одржливи ресурси.

Визијата, целите и приоритетите на Стратегијата ги следат стратешките ориентации на Европската Унија и нејзината Иницијатива за социјален бизнис. Истовремено, мерките за поддршка на социјалните претпријатија ќе придонесат и кон остварување на Целите на одржлив развој бидејќи социјалните претпријатија и социјалната економија креираат одржливи општествени решенија за сегашните предизвици во повеќе домени, како што се борба против сиромаштија, праведни услови за работа, застапување за партиципативна демократија, развој на решенија кои се поволни за животната средина, итн.

Засегнатите страни ја искажаа потребата од делување на Владата за поттикнување на развојот на социјалните претпријатија и нивниот екосистем, вклучување во процесот на креирање и имплементација на политиките и развивање на посилни односи меѓу чинителите во екосистемот на социјалните претпријатија. Поради тоа, изготвувањето на Стратегијата се вршеше низ инклузивен, транспарентен и сеопфатен процес со консултации. Засегнатите страни активно учествуваа и при идентификување и разјаснување на прашањата за карактеристиките на социјалните претпријатија и нивниот екосистем, стратешката поддршка и стратешкото управување; преку приоретизирање на опциите, целите и принципите на имплементација и преку прегледување и дискутирање на наодите. Ова создаде широко прифаќање на Стратегијата и заедничко разбирање на концептот, факторите на успех и влијанието на социјалните претпријатија.

Имено, подготовката на првиот нацрт текст на Стратегијата за развој на социјални претпријатија ја координираше Здружението Паблик со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации и Швајцарска агенција за поддршка и развој.

На почетокот на 2021 година, за институционализирање на консултациите и заедничката работа со засегнатите страни, Министерството за труд и социјална политика формираше работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво. Во работната група се вклучени претставници на Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за правда, Агенцијата за поттикнување на претприемништвото на Република Северна Македонија (Агенција за поттикнување на претприемништвото на РСМ), Фондот за иновации и технолошки развој, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија (Управата за јавни приходи на РСМ), Централниот регистар на Република Северна Македонија (Централен регистар на РСМ), Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (Агенција за вработување на РСМ), Мрежата на социјални претпријатија на Македонија, Стартап советот, Бизнис конфедерација на Македонија, Универзитетот Св. Кирил и Методиј (Економски факултет и Филозофски факултет), граѓанските организации и други пионери во областа на социјалното претприемништво. Работната група со поддршка на проектот финансиран од ЕУ „Поддршка на социјалните претпријатија“ го ажурираше и збогати подготвениот нацрт текст на Стратегија.

Економско социјалниот совет ја разгледа и усвои Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) со Акциски план 2021-2023 на 14-та седница, што се одржа на 3.9.2021.

Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) со Акциски план 2021-2023 е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2021 година (108 седница на ВРСМ, одржана на 28 септември 2021 год.).

## 2. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

Економскиот и социјалниот развој на Република Северна Македонија во наредните години ќе биде обележан со значителни промени. Реформските програми на Владата имаат цел да се осврнат на предизвиците што претстојат и да ги обликуваат истите во интерес и во корист на сите граѓани, со цел никој да не заостане.

Транзицијата кон ниско-јаглеродна економија, демографските промени, преминот кон економија заснована на ИКТ, кризата со COVID-19 и проблемите поврзани со миграцијата веќе започнаа да го трансформираат работниот век и условите за живот на граѓаните, моделите на производство, дистрибуцијата и потрошувачката, моделите на бизнис, образованието, обуката и социјалните услуги за граѓаните.

Земајќи го предвид сето ова, Владата го стави социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија на реформската агенда на Република Северна Македонија.

Долгорочната визија за поддршка на социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија за да го поддржат социо-економскиот развој на земјата е:

- Социјалните претпријатија да имаат улога на поттикнувачи на промени при транзиција на земјата кон поправедна, поинклузивна, партиципативна и одржлива економија и општество, особено преку нивната вклученост за развивање на циркуларна, споделувачка, паметна и зелена економија;

- Социјалните претпријатија имаат свое место во плуралистичката пазарна економија и се препознаваат како пионерски иницијативи на деловно работење на граѓаните и заедниците во корист на луѓето и на планетата, наместо само за сопствениците и акционерите;

- Социјалните претпријатија имаат корист од добивањето соодветни и достапни финансиски, материјални, интелектуални или човечки ресурси од низа чинители кои работат во целосно развиен и поврзан, отпорен и одржлив екосистем за социјални претпријатија и се интегрирани во граѓанското општество;

- Социјалните претпријатија се вклучени во социјални иновации кои што претставуваат развој на нови идеи, услуги и модели со цел подобро решавање на општествените проблеми. Како концепт, социјалната иновација може да се однесува на производ, производствен процес, идеја, општествено движење или комбинација од претходно наведените. Понатаму тие се вклучени во развојот на нови форми на пристојна работа и социјална интеграција на загрозените лица, обезбедуваат производи и услуги (вклучително и финансии) кои се поттикнати од локалните заедници и од граѓаните заради социјални, општествени, културни и еколошки цели, придонесуваат за намалување на неформалната работа и обезбедуваат алтернативи наместо миграција на квалификуваните и социјално посветените граѓани;

- Екосистемот за развој на социјалните претпријатија е отпорен и одржлив, им овозможува на социјалните претпријатија да имаат важна улога во општеството и е во согласност со промените кои се случуваат во земјата со цел интеграција во политиките и стратегиите на ЕУ.

Со цел да се реализира оваа визија, Стратегијата ќе ги следи следните цели:

- Да им се даде на социјалното претприемништво и на развојот на социјалните претпријатија место во националната агенда и стратегија за нивен долгорочен развој, и, исто така, да им се даде место во националните стратегии и во институциите за вработување, намалување на сиромаштијата и социјална инклузија, за претприемничко учење, мали и средни претпријатија и инклузивен раст, иновации, рурален и локален развој, соработка со и развој на граѓанското општество, волонтирање, развој на енергијата, агендите за одржлив развој на земјата;
- Да се усогласат јавните политики и активности за социјалното претприемништво и социјалните претпријатија на сите нивоа и во сите сектори;
- Да се создадат еднакви услови со осигурување дека целата финансиска поддршка, поддршката за градење капацитети, регулаторна или правна поддршка утврдена согласно оваа стратегија ќе обезбедува еднаков третман и развој на можности за сите социјални претпријатија;
- Да се достигне нивото на членките на ЕУ во однос на развојот на социјалните претпријатија и нивниот екосистем;
- Да ги поврзе социјалните претпријатија и чинителите во екосистемот со нивните европски партнери за да ги искористат можностите за соработка и учење;
- Да се создадат можности за вклучување, ангажирање и мобилизирање на граѓаните во развојот на своите заедници и активно обликување на сопствените услови за живот и работа, врз основа на доверба, соработка и солидарност;
- Да се промовираат принципите на социјалното претпријатие (социјална и еколошка мисија, инклузивно управување, отчет пред засегнатите страни) како пат за развој на бизнис секторот;
- Да се воспостават нови форми и видови на партнерства за учење / споделување / соработка, платформи, мрежи, заедници;
- Да се развива и негува култура за социјално претприемништво и да се промовираат механизми за признавање на социјалните претприемачи и социјални претпријатија;
- Да се организира меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитети за социјалните претпријатија и клучните чинители во еко-системот;
- Да се подобрат капацитетите на социјалните претприемачи за развој на бизнисот и управување со влијанието;
- Да се олесни и создаде пристап до надворешни финансии, преку развој на понудата и побарувачката за социјални финансии;
- Да се олесни и да се обезбеди пристап до, и развој на пазарите за социјални претпријатија.

# 3. РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## 3.1 Состојба и развој на социјалните претпријатија во земјата

Како и во земјите на ЕУ, социјалните претпријатија во Северна Македонија имаат различни правни форми, се во различни фази на развој и работат на разновидни активности. Во последните неколку години, сè повеќе организации се идентификуваат себеси како социјални претпријатија или започнаа да основаат[1] социјални претпријатија.

Сепак, развојот на социјалните претпријатија е во рана фаза и неодамна стана дел од јавните политики. Бидејќи една од целите на оваа Стратегија е да се стигнат земјите-членки на ЕУ во однос на развојот на социјалните претпријатија и нивниот екосистем, оваа стратегија ги користи критериумите на ЕУ од Иницијативата за социјален бизнис и го дефинира социјалното претпријатие на следниот начин:

*„Оператор во социјалната економија чија главна цел е да има општествено влијание преку обезбедување на широк спектар на социјални, економски, здравствени, образовни, културни, еколошки и други производи и услуги со општествена вредност кои служат за решавање на социо-економски и еколошки предизвици; и да ја промовира социјалната благосостојба преку обезбедување добра и услуги на пазарот на иновативен и претприемачки начин, користејќи го својот профит пред се за постигнување на социјални или еколошки цели; и со кое се управува на транспарентен и одговорен начин, со вклучување на работниците, потрошувачите и страните засегнати од неговите активности во одлучувањето.“*

Терминот општествена цел се разбира во поширока смисла и вклучува обезбедување на културни, здравствени и образовни услуги, вклучително и услуги за заштита на животната средина и одржливиот развој. Станува збор за услугите од општ интерес кои покриваат широк спектар активности што имаат силно влијание врз благосостојбата и квалитетот на живот на општеството во целина. Тие може да се поврзани со инфраструктура (на пример снабдување со вода и енергија, транспорт, поштенски услуги, управување со отпад), но и со основните сектори како здравство, образование и социјална заштита.

Преку промовирањето на општиот интерес кој се однесува на придобивките за општата јавност или за одредена група корисници, социјалните претпријатија ја надминуваат традиционалната ориентација да создаваат вредност само за сопствениците и акционерите.

Поконкретно, развојот на социјалните претпријатија во земјата е во зародиш и се карактеризира со следното:

- Повеќето од социјалните претпријатија се во фаза на зародиш или ран развој во однос на значајни и континуирани економски активности. Активноста на социјалните претпријатија често се организира како проект или работа на нова организација, која сè уште не е независна. Постојат само неколку социјални претпријатија кои ги зголемија своите економски активности до одредено ниво на одржливост што може да го покаже потенцијалот за раст на социјалните претпријатија во земјата.
- Иако одредени форми на социјално претприемништво веќе постоеја во претходниот социјалистички систем, повеќето од оние што денес се сметаат за социјални претпријатија се основани во последните три до четири години; но сепак, има и пионери што работат речиси десет години.

---

[1] Формално не се социјални претпријатија затоа што нема законски основ, но декларативно ги следат принципите на социјалните претпријатија.

- Најчести се социјалните претпријатија за работна интеграција кои претставуваат независни економски субјекти, чија главна цел е професионална интеграција на лица кои се соочуваат со тешкотии за вклучување на пазарот на трудот. Интеграцијата се постигнува преку продуктивна активност, или преку обуки и образование за развој на вештини на корисникот. Другите сектори во кои постојат социјални претпријатија се образование, рехабилитација и ресоцијализација, домашна нега и помош, лична помош за лица со попреченост, како и продажба на локални производи, занаетчиство, производство на органска храна, еко-туризам, здравствена заштита и унапредување на здравјето, спорт и рекреација, развој на локалната заедница, промоција и заштита на традиционалните уметности и занаети. Сè уште нема социјални претпријатија што работат на циркуларна економија, обновлива енергија или финансии.
- Социјалните задруги кои се доминантна форма на социјални претпријатија во многу земји на ЕУ речиси и не постојат во Северна Македонија. Една од причините за ваквата состојба е што задругите во земјата се во опаѓање но и поради тоа што постои тесно правно толкување на целта на задругата во македонските закони за задруги, вклучувајќи ги и земјоделски задруги каде стои дека задругите треба да следат заемни (т.е. само на членовите), а не општи интереси (на заедницата/општеството/животната средина).
- Постоечките социјални претпријатија опслужуваат разновидна група корисници, најчесто ранливи групи како што се жени, лица со попреченост, Роми, ранлива младина, рурални заедници, итн.
- Заедницата на социјални претпријатија полека расте и се шири во различни области. Повеќето социјални претпријатија се микро или мали претпријатија со 3-4 вработени и неколку волонтери. Постојат ретки случаи на социјални претпријатија со повеќе од 10 вработени и повеќе од 10 волонтери.
- Граѓанските организации први започнаа со развој на социјални претпријатија. Поради тоа, повеќето социјални претпријатија се регистрирани како здруженија, по што следат правни форми како што се друштва со ограничена одговорност или занаетчии, додека повеќето од задругите и заштитните друштва не се идентификуваат како социјални претпријатија.
- За да се премости ограниченоста во понудата на јавна финансиска помош достапна за граѓанските организации од една страна и на трговските друштва од другата страна, неколку социјални претпријатија формираа две организациски и финансиски поврзани организации согласно постоечките законски форми и со тоа усвоија хибридна организациска форма или модел.
- Со текот на годините, социјалните претпријатија покажаа голема издржливост и посветеност да им служат на своите групи корисници и заедници и да придонесат за нивниот развој. Некои беа успешни и во трансферот и пилотирањето на нови иновативни пристапи од други европски земји прилагодени на националниот контекст.

Недостигот на општоприфатена дефиниција и недостигот на податоци за нивната економска и социјална активност и придонес е предизвик не само за истражувачите, туку и за понатамошниот развој на ова ново поле.

Социјалните претпријатија во земјата се соочуваат со бројни предизвици и слабости во повеќе сектори. Тие се:

- Недоволно разбирање и познавање на концептот, импликациите врз управувањето и факторите на успех на социјалното претприемништво и развојот на социјалните претпријатија;
- Недостаток на капацитети за управување (финансиски менаџмент, социјално влијание, управување со човечки ресурси, итн.);

- Недостаток на транспарентност за тоа кои се социјалните претпријатија во земјата, што прават, и кои придобивки ги создаваат, како и недостаток на податоци за потенцијалните социјални претпријатија;
- Недостаток на инспиративни примери, сопствено искуство, алатки, професионално водство и помош при дизајнирање и развој на одржливо социјално претпријатие;
- Недостаток на заеднички идентитет и солидарност на социјалните претпријатија;
- Ниско ниво на приходи од економски активности и зависност од проекти;
- Недостаток на капацитети за аплицирање и за спроведување на поголеми тендери за јавни набавки;
- Стратегиите за финансирање се претежно фокусирани на грантови и донации;
- Низок капацитет на апсорпција за повратни извори на финансирање (заеми, капитал, итн.);
- Потреба да се прилагодат активностите за да се исполнат барањата на донаторите и финансиерите, а не за развој на самото претпријатие;
- Недостаток на стратешко социјално влијание и мерење на перформансите што ќе обезбеди споредливи податоци;
- Ниска видливост и ниско ниво на јавно препознавање на социјалните претпријатија;
- Ниско ниво на политичко и правно признавање;
- Недостаток на можности за учење од искусни социјални претпријатија;
- Конфузија меѓу донаторите и засегнатите страни за тоа како да се проценат и справат со хибридните организациски форми.

Меѓутоа, се очекува дека оваа Стратегија ќе предизвика позитивна реакција во политиката и кај пошироката јавност, особено кај помладата генерација и ќе создаде атмосфера и чувство дека „промената е на дофат“. Ова може да ги ослободи и прошири потенцијалите за основање и развој на социјалните претпријатија и да ги инспирира социјалните претприемачи активно да ги искористат новите можности, како на пример:

- Да учествуваат и да влијаат врз стратешките насоки и политиките во секторот;
- Да обезбедат поддршка и да придонесат за одржлив развој на земјата во согласност со целите за одржлив развој;
- Да обезбедат услуги што ќе им помогнат на различните групи на луѓе во нивните заедници согласно начелото „никој да не заостане“ и агендата „Едно општество“;
- Да придонесат за транзиција на економскиот, социјалниот и еколошкиот сектор со цел фер, правичен, одржлив и плуралистички развој на земјата;
- Да станат дел од европската заедница за социјално претприемништво и да ги искористат новите можности за финансирање и обезбедување средства;
- Да делуваат како поттикнувачи на промени и пионери и да го обликуваат општеството во земјата;
- Да воведат нов производ или услуга што не е обезбедена од останатите компании и од државата;
- Да градат партнерства и мрежи во различни сектори.

## 4. ПРЕГЛЕД НА ЕКО-СИСТЕМОТ ВО КОЈ ФУНКЦИОНИРААТ СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Социјалните претпријатија не работат во изолација. Тие комуницираат и примаат финансиски, материјални, интелектуални или човечки ресурси од граѓани (волонтери, корисници, поддржувачи), добавувачи, засегнати страни, граѓански организации, традиционални компании и други социјални претпријатија, клиенти, банки и други финансиски институции, централната власт и локални власти, образовни и истражувачки институции, па дури и од конкурентите. Сето ова се именува со еколошката метафора „екосистем“ за да објасни како социјалните претпријатија се дел и заедно еволуираат во мрежата на заемно корисни односи изградени врз соработка, доверба и заеднички вредности како што се солидарност и соработка. Терминот екосистем претставува еден интегриран пристап - се користи за опис на средината во која работат социјалните претпријатија, вклучувајќи ги и односите со нивните корисници, производители, добавувачи, засегнати страни, властите, конкурентите. Терминот го отсликува фактот дека социјалните претпријатија се основаат и развиваат односи со своите корисници, производители, добавувачи, засегнатите страни, властите, па дури и со конкурентите.

Најрелевантните димензии на екосистемот на едно социјално претпријатие се прикажани во следната табела:

- Култура за социјално претприемништво и за препознавање на социјални претпријатија,
- Меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитети за социјалните претпријатија и на клучните чинители во еко-системот,
- Пристап до надворешни финансии и
- Пристап до, и развој на, пазари за социјални претпријатија.

*Слика 1. Димензии на еко-системот*




Овие четири димензии ќе се искористат за да се опише екосистемот во земјата и, врз основа на оваа проценка, да се објаснат и образложат приоритетните мерки кои треба да се спроведат согласно оваа Стратегија.

При анализа на екосистемот за социјални претпријатија во земјата, важни се следниве аспекти:

- Социјалните претпријатија, како што е наведено во претходното поглавје, не можат лесно и јасно да се идентификуваат, со оглед на фактот дека тие се во различни фази на развој, развиваат и применуваат различни деловни модели, имаат различни социјални, општествени и еколошки мисии, имаат различни модели за управување, и не секогаш се идентификуваат себеси како социјално претпријатие во зародиш. Покрај тоа, различните модели за основање и развој на социјални претпријатија во земјата имаат специфични проблеми, како што се:
    - Потребата граѓаните да најдат соодветни организациски форми за соработка и организирање на услуги за самопомош за решавање на итни и основни проблеми во заедницата,
    - Потребата на граѓанските организации за диверзификација и прилагодување за да одговорат на новите предизвици и да иницираат нови активности и да обезбедат финансиска одржливост,
    - Потребата на локалната и националната власт да ангажираат непрофитни даватели на социјални услуги, вклучително и здравствени и образовни услуги и услуги за грижа во заедницата.
- Социјалното претприемништво и ресурсите за развој на социјалното претпријатие постојат во многу сектори и институции. Предизвиците се:
    - да се активира потенцијалот за социјално претприемништво во сите сектори и области и да се зајакнат социјалните претприемачи за развој на финансиски одржливи социјални претпријатија,

- да се продлабочи и прошири капацитетот на клучните чинители во екосистемот за обезбедување соодветни, достапни и пристапни ресурси за развој на социјалните претпријатија,
- да се интегрира социјалното претприемништво и социјалното претпријатие во сите политики и стратегии кои предвидуваат транзиција на земјата кон поправедна, поинклузивна, партиципативна и одржлива економија и општество и да се усогласат секторските политики на кохерентен начин;
- да ги идентификуваат и зајакнат потенцијалните чинители во екосистемот на социјално претприемништво кои се веќе активни во екосистемите и го поддржуваат развојот на граѓанските организации, работат на развој на мали и средни претпријатија или на социјални иновации, наместо да се формираат нови институции.

## 4.1. Ресурси за развивање на култура за социјално претприемништво и за препознавање на социјалните претпријатија

### 4.1.1 Образование за социјално претприемништво

Преку образовниот процес, младите можат да научат како функционираат социјалните претпријатија и како генерираат социјални и економски вредности. Ефективен начин за промовирање на социјалното претприемништво е преку негово интегрирање во формалното образование (т.е. во основното, средното и високото образование) како и во неформалното образование. Наставниците и професорите имаат значајна улога во образовниот процес и тие мора да бидат соодветно обучени за реализација на наставните програми за социјално претприемништво.

**Социјалното претприемништво и социјалните претпријатија се нова појава во македонскиот социјален и економски живот.** И двата концепти се практично непознати за обичните граѓани, за носителите на одлуки или за бизнисмените или пак се поврзуваат со некаква форма на социјална помош или социјална работа.

Оттука, се јавува потребата да се создаде заедничко разбирање на концептот во контекст на долгорочната стратегија за развој, да се популаризираат овие концепти на ниво на колективна свест и да се изгради позитивна перцепција за концептот на социјални претпријатија.

Во исто време, развојот на социјалните претпријатија ја наметнува **потребата за нови, специфични вештини за претприемништво кои промовираат вредности, наместо зголемување на профитот**. Новите вештини ќе се градат не само за оние кои се активни во овој сектор, туку и за политичките чинители, бизнис секторот и пошироката јавност.

Во Република Северна Македонија, освен на Институтот за социјална работа и социјална политика не постојат формални образовни програми кои се експлицитно фокусирани на социјалното претприемништво. Во рамките на средното образование пак, дел од наставните програми содржат претставување на социјалното претприемништво, интегрирано во рамките на предмети како „Бизнис и претприемништво“. На ниво на високо образование, некои од високообразовните институции го вклучија предметот социјално претприемништво во наставните програми за управување со компании (бизнис менаџмент).

Покрај тоа, во сферата на неформалното образование, во последната деценија граѓанските организации беа многу активни за подигнување на свеста за социјалното претприемништво и спроведоа бројни програми за неформално образование на оваа тема. Ваквите иницијативи беа поддржани и од институциите (Министерството за економија во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво и Агенцијата за поддршка на претприемништвото).

### 4.1.2 Истражување и статистички податоци за социјалните претпријатија

Редовното собирање податоци може да помогне да се следат обемот и опфатот на работа на социјалните претпријатија, како и да се разберат нивните правни форми, секторот во кој работат и нивниот придонес кон националната економија и пазарот на трудот.

Во 2009 година, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија учествуваше во пилот-студијата на Европската комисија за воспоставување сателитски сметки за задруги, како и за други припадници на социјалната економија. Сателитските сметки за социјалните претпријатија ги комбинираат официјалните статистички податоци на системот на национални сметки со податоци од регистри, истражувања на пазарот на трудот и макро-истражувања (како на пример за волонтирање) и со други валидни и информативни групи на податоци. Комбинацијата од овие два начини за собирање податоци (истражувања и официјални статистички податоци) може да генерира солидни докази за обемот и опсегот на постоечките и потенцијалните социјални претпријатија што ќе им овозможи на креаторите на политиките и на засегнатите страни да донесат информирани одлуки за потребната поддршка за искористување на потенцијалот и поттикнување на развојот на социјалните претпријатија.

Не постои регистар на социјални претпријатија во земјата и јасно дефиниран процес за доделување статус на социјално претпријатие, и досега се спроведени неколку истражувања од граѓански организации (нарачани од донатори како ЕУ, ЕБОР итн.) за да се проценат капацитетите на субјектите кои се признати како социјални претпријатија. Собирањето на податоци за бројот и карактеристиките на социјалните претпријатија е исто така проблематично имајќи предвид дека повеќето социјални претпријатија што постојат работат во рамките на постојните граѓански организации или во други субјекти. Потребно е да се развие стратешки пристап за собирање податоци кој ќе се заснова на комбинација на постоечки квантитативни и квалитативни методологии во ЕУ и во светот и кои ќе овозможат темелно собирање на податоци и споредливост со развојот на претпријатијата во Европа и соседните земји.

### 4.1.3 Мерење и известување за социјалното влијание

Со цел да се осигури дека управувањето и донесувањето одлуки во социјалното претпријатие постојано се води од неговата специфична социјална или еколошка мисија, мора да постојат процедури за постојано следење на неговото социјално влијание, паралелно со следење на неговите финансиски перформанси преку финансиско сметководство. Таквите постапки за тековно управување со влијанието вклучуваат наведување на реални и остварливи цели и индикатори, споредба со работата на другите претпријатија од истата област и известување не само за одлуките на социјалното претпријатие, туку и за информирањето на засегнатите страни, донаторите и пошироката јавност.

На меѓународно ниво, има широк спектар на методи за мерење на социјалното влијание (како што е Социјален поврат на инвестицијата (SROI[2] [или пристапот на Мрежата за социјална ревизија[3], но повеќето од нив одговараат за добро воспоставени социјални претпријатија кои исто така имаат ресурси да ги применат. За нови социјални претпријатија во рана фаза кои најчесто се присутни во земјата, потребни се едноставни сеопфатни методи и алатки.

Управувањето со социјалното влијание во текот на целиот циклус на развој на претпријатието е клучен аспект во развојот на социјалните претпријатија. Во земјата не постои методологија за мерење и известување на влијанието на социјалните претпријатија. Во суштина, самиот концепт на мерење и известување за влијанието на различните субјекти е непознат како во јавните политики, така и во организациите за поддршка на социјалните претпријатија. Кога постојните социјални претпријатија го презентираат своето влијание, нивните извештаи се засноваат на ад-хок внатрешни индикатори за следење и проценка, и тоа најмногу известуваат за резултатите, односно за опслужените целни групи.

### 4.1.4 Видливост и препознавање

Зголемувањето на видливоста и препознавањето на социјалните претпријатија и зајакнувањето на нивниот идентитет може да придонесе за нивно поголемо позитивно социјално и општествено влијание. Имено,

- тоа ќе им даде на социјалните претпријатија повеќе можности за зголемување на продажбата и склучување договори со државните органи како и привлекување ресурси, таленти, финансии и добивање поддршка за градење капацитети.
- Ова на државната администрација ѝ дава двојна можност: Прво, креаторите на политики што подобро ја разбираат природата, различноста и улогата на социјалното претпријатие во заедницата се во можност да креираат порелевантни и поефективни политики. Второ, тоа исто така ќе доведе до подобро користење на општествено одговорните јавни набавки.
- На донаторите, финансиските институции и на филантропите ќе им даде можност да ги препознаваат извонредните концепти, модели и достигнувања на социјалните претпријатија преку доделување награди на социјални претприемачи и социјални претпријатија.
- На граѓаните ќе им даде повеќе можности да ги поддржат социјалните претпријатија со купување на нивните производи и услуги; да придонесат за нивно финансирање (на пр. преку донации или crowdfunding); за волонтирање и развој на кариера; и - како ангажирани граѓани - да делуваат како амбасадори или поборници на овој „поинаков начин на деловно работење и создавање богатство“.

Поради тоа од клучна важност е добро координирана комуникација со клучните чинители во екосистемот**.** Во овој контекст, универзитетите и медиумите (и традиционалните и социјалните) се важни за подигање на свеста и видливоста и за јавно препознавање на социјалните претпријатија.

Досега, социјалните претпријатија не беа посебно видлив приоритет во програмите на Владата. Некои министерства и агенции кои ги препознаваат социјалните претпријатија во своите програми, сепак имаат поинакви приоритети, процедури и дефиниции за поддршка на овие субјекти. Како резултат на ова, субјектите кои функционираат како социјални претпријатија остануваа непризнаени, без јасен идентитет и видливост. Меѓутоа,

[2] Социјален поврат на инвестиција

[3] https://www.nefconsulting.com/

постојната Програма за работа на Владата 2020-2024 предвидува донесување Закон за поддршка на социјално претприемништво и формирање центри за поддршка на социјални претпријатија.

Во таа насока, во февруари 2021 година, дијалогот меѓу Владата, социјалните претпријатија и засегнатите страни продолжи во една институционализирана форма, преку формирањето на Работната група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво.

Постигнувањето на јавно и широко прифатена и користена дефиниција и разбирање на социјалните претпријатија отсекогаш било предизвик за зголемување на нивната видливост и препознавање.

Во оваа насока, дефиницијата усвоена во оваа стратегија (Поглавје 3.2) е доволно широка за да ги вклучи сите постојни и можни организациски форми на социјалните претпријатија во земјата и да обезбеди можност за консензус во разбирањето на концептот.

Во оваа Стратегија, специфичен приоритет се дава на законската регулатива која се фокусира на мулти-секторската и повеќестепената одговорност за развој на социјалното претпријатие и критериумите што треба да се исполнат за правните лица да стекнат статус на социјално претпријатие.

Субјектите што го сочинуваат спектарот на социјални претпријатија во Република Северна Македонија се разновидни. И покрај отсуството на специфични институционални форми, некои од постојните законски акти овозможуваат основање и работа на субјекти кои можат делумно или целосно да бидат препознаени како социјални претпријатија, како што се граѓански организации, задруги, земјоделски задруги, занаетчии и занаетчиски комори како и неформалниот сектор за собирање отпад кој има потенцијал да се трансформира во социјално претприемништво.

Сегашното законодавство во Северна Македонија не ги препознава и регулира социјалните претпријатија бидејќи сè уште нема заедничко разбирање на концептите. Оттука се и заложбите за развој на процедури за признавање на социјалните претпријатија и за обезбедување дефиниција што може да се користи во клучните реформи. Ова исто така може да го подобри собирањето податоци за развојот на социјалните претпријатија во земјата и недостатокот на систематизирано знаење и препознавање на субјектите, нивните правни форми, постојните капацитети, потреби и предизвици.

## 4.2. Ресурси за заемна поддршка, учење и градење на капацитети за социјалните претпријатија и клучните чинители во еко-системот

### 4.2.1 Услуги за градење на капацитети

За малите и средните претпријатија, услугите за развој на менаџерски вештини, практики и капацитети (од деловно и финансиско планирање до сметководство и маркетинг) се развиени и се достапни, што ги прави клучен елемент во екосистемот на малите и средни претпријатија.

Во Северна Македонија, неколку граѓански организации, мали и средни претпријатија и нови советодавни центри, акцелератори и хабови неодамна започнаа да нудат поддршка за градење на капацитетите на социјалните претприемачи и социјалните претпријатија. Нивните советодавни активности, обуки или менторски активности опфаќаат претежно теми важни за развојот на социјалното претприемништво и започнување или водење на социјално претпријатие, како што се, развој и докажување идеи, планирање и управување со деловни активности и влијанија, финансиски менаџмент, управување со социјални претпријатија, прибирање средства, подготовка на понуда на производи и услуги, градење партнерства и мрежи, создавање продажни канали и други прашања што се однесуваат на работењето и управувањето со социјалните претпријатија.

Повеќето од овие услуги за поддршка и градење на капацитети се реализираат во рамките на проекти и има ризик истите да престанат по завршувањето на финансирањето, но неколку даватели на услуги за поддршка го вклучија градењето на капацитети на социјалните претпријатија во нивната редовна програма за работа.

### 4.2.2 Мрежи и механизми за заемна поддршка

Мрежите на социјални претпријатија помагаат за создавање на идентитет и видливост, за промовирање, застапување, истражување и лобирање со цел да се подигне свеста за улогата на социјалните претпријатија. Многу национални мрежи се приклучија на европските организации кои се фокусираат на транснационално учење и градење на капацитетите, како што се европските здруженија/мрежи за социјални претпријатија за работна инклузија (ENSIE[4]), за социјални претпријатија од областа на обновлива енергија (RESCOOP[5]) или за претпријатија кои работат на повторно користење, поправка и рециклирање во циркуларната економија (RREUSE[6]).

Во мај 2019 година, основана е Мрежата на социјални претпријатија од Северна Македонија. Тоа е платформа за комуникација и соработка меѓу различни социјални претпријатија, со цел промовирање на јавниот имиџ на секторот, обезбедување соработка и мулти-секторски партнерства со други суштински фактори на национално / регионално и на европско ниво.

Мрежата поттикнува и размена на добри практики и меѓусекторско вмрежување, што на долг рок ќе стимулира јавен интерес во секторот. Во јануари 2020 година, мрежата броеше вкупно 44 члена, од кои 24 се социјални претпријатија и 20 се членови за поддршка.

---

[4] Европските здруженија за социјални претпријатија за работна инклузија - www.ensie.org
[5] Социјални претпријатија од областа на обновлива енергија - https://www.rescoop.eu
[6] Претпријатија кои работат на повторно користење, поправка и рециклирање во циркуларната економија - https://www.rreuse.org

### 4.3. Ресурси за добивање пристап до, и развој на пазари за социјални претпријатија

Развојот на социјалните претпријатија зависи и од нивниот успех како бизнис, дали ќе остваруваат приходи преку продажба на стоки и услуги на пазарот. За ова се потребни капацитети и вештини за развој и за идентификување и користење на можностите на пазарот.

Што се однесува до приватните пазари, социјалните претпријатија имаат потешкотии да развијат бизнис модели кои ќе се натпреваруваат со цена и квалитет и го користат својот идентитет на социјалното претпријатие како единствена конкурентска предност. Сепак, ваквите бизнис модели честопати се потпираат на соработка со други компании за набавка или дистрибуција, понатаму на волонтерска работа или на вредноста што поединецот или купувачите на компаниите ја придаваат на специфичната дополнителна вредност генерирана од социјално претпријатие (општествено одговорна приватна потрошувачка и набавки од страна на компании).

Во однос на пазарот на обезбедување јавни добра и услуги, и побарувачката (нови и млади социјални претпријатија) и понудата (одделенијата/службите за јавни набавки во органите на управата, државните органи и локалните самоуправи) треба да стекнат искуство за користење на новите законски можности за набавка.

Обезбедувањето достапност и пристап до јавните и приватните пазари директно придонесува за одржливост на социјалните претпријатија, нуди можности за зголемување на нивните приходи и за креирање влијание во општеството и во економијата.

#### 4.3.1 Јавни набавки

Јавните набавки создаваат можности за социјалните претпријатија да понудат нов пристап за давање на јавни услуги, особено во области како што се социјална и здравствена заштита, образовни и културни услуги, како и услуги за вработување на лица со попреченост, управување со отпад, угостителски услуги, одржување на зелени површини итн.

**Новиот Закон за јавни набавки** (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 24/2019) за прв пат во правната рамка на земјата предвидува можност за воведување на резервирани договори со што договорните органи ќе имаат можност да го ограничат правото за учество во постапките за јавни набавки само на економски оператори, чија главна цел е социјална и професионална интеграција на лица со попреченост или лица од социјално ранливи групи кои профитот го реинвестираат за таа намена.

Покрај тоа, Законот предвидува можност за користење на резервирани договори за набавка на специјални здравствени, социјални и културни услуги.

Сепак, можностите што ги нуди новиот Закон за јавни набавки досега останаа главно неискористени. Причините се двојни: недостаток на капацитет во јавните институции за спроведување на предвидените резервирани договори и недостиг на искуство и капацитет кај социјалните претпријатија за учество во постапки за јавни набавки.

### 4.3.2. Развој на приватни пазари преку комерцијални и стратешки партнерства со бизнис секторот

Клучна задача за социјалните претпријатија е да ги идентификуваат можностите за влез на приватни пазари и проширување на нивната база на клиенти. Важна стратегија во овој поглед е соработката со поголеми фирми, при што тие можат да се вклучат како производители во нивниот синџир за снабдување. Новина во земјата е што некои поголеми компании започнаа да се интересираат како можат да придонесат за подобри социјални и еколошки резултати.

Подеднакво важна е и соработката со малите и средни претпријатија кои имаат важна улога во локалниот развој. Бидејќи многу од нив произведуваат услуги и производи кои се продаваат локално, тие нудат можност социјалните претпријатија да ги здружат силите и да ги користат нивните канали за дистрибуција, клиенти и маркетинг за да ги пласираат своите производи и услуги.

Генерално, во земјата, учеството на традиционалниот бизнис сектор во развојот на заедницата останува ограничен, со исклучок на неколку програми за општествена одговорност на компаниите - но овие не ги поврзуваат активностите на достава на суровини, производство, развој, дистрибуција, финансирање или продажба меѓу двајцата партнери. Една од причините за ова е што оперативните деловни менаџери кои се одговорни за клучните деловни процеси како што се набавка на суровини, дистрибуција или продажба, не го разбираат концептот на социјално претприемништво и не се убедени дека социјалните претпријатија се сигурен партнер во синџирот на снабдување. Ова е особено случај кога социјалните претпријатија (сè уште) не ги исполнуваат потребните стандарди за квалитет.

Покрај тоа, имаат ограничено искуство за развој на мулти-секторски партнерства, ниту пак за здружување на локални производители или даватели на услуги. Како резултат, праксата на соработка помеѓу социјалните претпријатија и приватните бизниси е ограничена, и во повеќето случаи, кога има соработка таа се должи на волјата на поединци и не е формализирана.

### 4.3.3 Поттикнување и мобилизација на граѓаните за купување производи или услуги произведени од социјални претпријатија

Важен сегмент на пазарот за социјалните претпријатија се приватните потрошувачи. Стратешки елемент за развој на пазарот е да се подигне свеста кај населението за нивниот придонес кон одржливиот развој преку одговорни навики и практикување етичка потрошувачка.

Недостатокот на општо прифатено разбирање од страна на општата популација во земјата, па дури и погрешното разбирање на концептот и функциите на социјалните претпријатија го отежнува привлекувањето на одговорна и одржлива потрошувачка. Доказите од најновото истражување за перцепцијата на граѓаните за социјалното претприемништво во земјата покажаа дека социјалните претпријатија честопати ги поврзуваат со хуманитарни, односно добротворни организации. Подоброто разбирање и прифаќање на концептот на социјално претпријатие исто така може да придонесе за зголемено членување и волонтирање, не само во социјалните претпријатија, туку и во сите други форми на здружување.

Во земјата, движењето за етички консумеризам и одговорно купување е во релативно рана фаза на развој. Општо земено, граѓаните сѐ уште се недоволно информирани за потеклото на производите, начинот на нивното производство и социјалната или еколошката вредност што е поврзана со нивното производство и потрошувачка. Со цел да се подигне јавната свест за придобивките од одговорното купување, Националната мрежа на социјални претпријатија, која сѐ уште е во фаза на развој, постави список на производи и услуги што ги нудат социјалните претпријатија кои се членки на мрежата. Со цел да се зголеми јавната свест за одговорно купување, списанието за одржлив развој „Лице в лице“ во рамките на своето печатено издание под брендот „Купи одговорно“ ги промовира производите и услугите на социјалните претпријатија во земјата, но тоа е со ограничен опсег и публика.

### 4.4 Ресурси за добивање пристап до надворешни финансии

Иако за претпријатијата е идеално да можат сами да ги финансираат трошоците за сопственото работење, како и да инвестираат, развиваат пазари, зголемуваат капацитети, учествуваат во корпорации и да иновираат од остварените приходи на пазарот, сликата за социјалните претпријатија во земјата е различна.

- Прво, трошоците во раната фаза и трошоците за развој не можат да бидат покриени со приходите, сѐ додека социјалното претпријатие не е вклучено на пазарот. Бидејќи повеќето социјални претпријатија во земјата сѐ уште се во таа фаза, нивните потреби најдобро се покриваат со грантови за развој и иновации. Овие се достапни од голем број извори, но тие главно не се комбинирани со комплементарни услуги за градење капацитети.
- Второ, приходите од продажбата честопати не се единствениот извор на приход за социјалното претпријатие. Ова е особено случај кога во производството учествуваат луѓе со ограничена продуктивност или кои имаат потреба од дополнителна помош, при што јавните субвенции или приватните донации ги покриваат дополнителните трошоци.
- Трето, програмите за јавно финансирање во земјата главно се ограничени и се или само за класичните претпријатија или само за непрофитните организации.
- Четврто, пазарот на социјални финансии е сѐ уште во фаза на зародиш (види дел 4.4.2 подолу )
- Петто, сѐ уште не се користат иновативни инструменти кои им служат на специфичните потреби на социјалните претпријатија, како што е crowdfunding (види дел 4.4.3 подолу)

#### 4.4.1 Активирање на јавни грантови и приватни донации за развој на претприемништво и социјални претпријатија

Социјалните претпријатија во Република Северна Македонија имаат релативно ограничен пристап до финансирање (грантови), без оглед на фазата на развој. Досега, најголемите извори на финансирање за социјалните претпријатија се странски донатори како што се Програмата за помош на УСАИД, ГИЗ, УНДП, Швајцарската агенција за развој и соработка и ИПА програмите на ЕУ. Поддршката е претежно насочена кон градење на капацитетот на постојните социјални претпријатија или поттик за основање нови.

Покрај тоа, социјалните претпријатија не се квалификуваат за финансирање преку националните програми за финансирање на нови компании и претпријатија, освен ако не се регистрирани како трговски друштва, но бројот на такви субјекти е многу мал. Позитивна

промена во овој правец е повикот што за прв пат беше во септември 2021 објавен од Фондот за иновации и технолошки развој наменет за поттикнување на социјалното претприемништво.

Социјалните претпријатија имаат различни финансиски потреби во текот на нивниот развој. При подготовката за основање и во раните фази, во повеќето случаи, им требаат само мали средства, кои би биле доделени според едноставна и транспарентна постапка за аплицирање и доделување. Малите заеми не се соодветна опција, бидејќи финансиските посредници наплаќаат високи трошоци, а роковите за плаќање често не се флексибилни.

Она што недостасува е систем за доделување грантови кои се доделуваат етапно: се започнува со мали износи во фазата на подготовка, за да се продолжи со втор круг доколку првата фаза е успешна, за на крајот да се добие и заем, во случај концептот да се докаже. Таквиот систем може да вклучува меѓународни донатори, преку платформа за концентрирање на нивната поддршка во еден структуриран и сеопфатен систем за финансиска поддршка.

### 4.4.2 Развој на пазарот за социјални финансии

За да се развијат и растат, на социјалните претпријатија често им се потребни надворешни финансии. Иако заемите се класичен избор за малите и средните претпријатија, пазарот за финансии за социјалните претпријатија во земјата изгледа доста поинаку: банките не сакаат да дадат заем на организација која во нивни очи не може да гарантира целосна отплата, а социјалните претпријатија сè уште претпочитаат да се потпрат на јавни и приватни грантови.

Затоа, двете страни на пазарот треба да се развиваат и да се усогласат:

- Од страната на побарувачката за финансии, социјалните претпријатија треба да станат подготвени за инвестиции и да развијат свои капацитети за подобра комуникација со потенцијалните инвеститори и даватели на финансии.
- На страната на понудата на финансии, многу малку има понуди за социјални претпријатија, делумно поради тоа што социјалните претпријатија не се доволно видливи и давателите на комерцијални финансии немаат разбирање за социјалните претпријатија како и поради тоа што нема специјализирани даватели на социјални финансии кои го ценат социјалното влијание и се задоволни со камати кои се пониски од пазарните каматни стапки.
- Во однос на подготовката на трансакциите, т.е. усогласувањето на побарувачката и понудата, и обете страни немаат искуство: на социјалните претпријатија им е потребна помош за изнаоѓање и проценка на најсоодветниот финансиски пакет за нивните потреби, а на давателите на финансии им е потребна помош како да воспостават придружни услуги за поддршка, и за обезбедување отплата и за да внимаваат давачките за отплата да не доведат до поместување на социјалната мисија и социјалното да стане трговско претпријатие.

Покрај тоа, практично нема понуди дизајнирани да ги задоволат специфичните потреби за финансирање на социјалните претпријатија за проширување на нивниот бизнис, како на пример, инвестиции во опрема, градење на корисничка база, подобрување на квалитетот итн. Може да се заклучи дека пазарот на социјални финансии во земјата е во голема мера неразвиен.

### 4.4.3 Иновативни социјални финансиски инструменти

Недостатокот на соодветни финансиски инструменти е една од најголемите пречки за започнување и развој на социјално претпријатие, како и за обезбедување негова одржливост и раст. Во процесот на развој на социјалните финансиски инструменти, неопходно е да се работи на страната на побарувачката, односно да се развиваат програми за подготовка на социјалните претпријатија за инвестиции, како и на страната на понудата, односно да се работи на развој на финансиски инструменти кои се соодветни за потребите на социјалните претпријатија.

Повеќето од социјалните претпријатија се микро или мали претпријатија со ограничени финансиски вештини, ресурси и знаење.

Некои од финансиските инструменти што треба да се развијат се:

- Развивање на комбинација од инструменти за грантови и заеми за да им се помогне на социјалните претпријатија;
- Развивање на инструменти за делење на првата загуба;
- Поттикнување на инвеститорите да соработуваат во процесот на инвестирање и да коинвестираат во социјални претпријатија;
- Отворање на мрежите за микрофинансирање и услугите за поддршка на малите бизниси и за социјалните претпријатија;
- Поттикнување и наградување на учеството и инвестициите од заедницата во социјалните претпријатија.

Генерално, во земјата, сè поголем број организации започнаа да обезбедуваат финансиска поддршка за отворање нови претпријатија. Сепак, овие субјекти сé уште не ги препознаваат социјалните претпријатија во своето порфолио.

Од друга страна, преземени се само незначителни чекори од страна на финансиските посредници за подобрување на пристапот до финансии за социјалните претпријатија. Генерално, на пазарот во земјава недостигаат иновативни финансиски инструменти. На пример, нема шеми за кофинансирање со државни средства, ниту пак посредници кои можат да помогнат за развивање на врската меѓу давателите на финансии и социјалните претпријатија.

## 5. ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### 5.1 Национални политики

Развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во Северна Македонија е поврзан со случувањата во третиот сектор, како што се ограничената финансиска поддршка за услугите што ги обезбедуваат граѓанските организации и од Владата и од финансиските партнери, децентрализацијата и деинституционализацијата на системот за социјална заштита, поволната правна и институционална рамка и зголемената финансиска поддршка за развој на социјални услуги кои ги обезбедува државата и влијанието на меѓународната донаторска заедница врз можностите за финансирање.

Во ваков контекст, социјалното претприемништво се појави како нова област која во последната деценија го привлече вниманието и истражувачките активности на граѓанското општество и академските институции.

Поширокиот дискурс за социјалното претприемништво започна пред неколку години, особено кога Министерството за труд и социјална политика го започна проектот за техничка помош финансиран преку ИПА „Поттикнување на социјалното претприемништво“, во кој заедно со граѓанските организации кои веќе работат на терен (практичари, организации за поддршка, тинк-тенк организации и сл.) се развија концепти за политики и правна рамка за поттикнување на развојот на социјалните претпријатија.

Оттогаш, повеќе организации во земјата развија иницијативи за социјално претприемништво, а концептот на социјално претприемништво беше прифатен од граѓанскиот сектор, кој се залагаше за негово признавање и поддршка, преку истражувања, декларации, конференции или проекти финансирани од меѓународни донатори и преку ИПА програми, а и со изготвување на оваа Стратегија.

Како реакција на овие случувања, и со цел да се зајакнат политиките за поддршка на преодот кон поправедна, поинклузивна, партиципативна и одржлива економија и општество, Владата, во својата Програма за работа на Владата на РСМ за 2021 година предвиде подготовка и усвојување на Национална стратегија за Развој на социјални претпријатија, Акциски план за Националната стратегија за развој на социјални претпријатија, Закон за социјално претприемништво и формирање на „центри за поддршка на социјалното претприемништво“.

Во тој контекст, за институционализирање на консултациите и заедничката работа со засегнатите страни, МТСП формираше работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво. РГ ја ажурираше, контекстуализираше и збогати Стратегијата подготвена од засегнатите страни во претходните години.

### 5.1.1 Развој на политики

За прв пат Владата го воведе концептот на социјални претпријатија во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за 2012-2017 година. Тоа беше првата национална политика што беше експлицитно посветена на развојот на социјалната економија и содржеше мерки за подигнување на свеста за социјалното претприемништво меѓу граѓанските организации, за донесување Закон за социјално претприемништво и за развој на правно опкружување за социјално претприемништво. Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020 ја продолжи заложбата на Владата за развој на социјалното претприемништво предвидувајќи усвојување на Стратегија за социјално претприемништво за која активност надлежно е Министерството за труд и социјална политика.

Покрај тоа, Владата, во својата Програма (2017-2020) ги идентификуваше социјалните претпријатија како олеснувачи на преминот на ранливите категории граѓани од социјално исклучување кон отворениот пазар на труд. Владата ја потврди оваа позиција и постојаните напори за развој на ова поле и во сегашната Програмата на Владата (2020-2024).

Покрај тоа, социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во различна мера се веќе застапени и во други стратешки документи, како што се:

- Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија за 2018–2027 година „Тимјаник“ и Акцискиот план,
- Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023),
- Стратегијата за развој на женско претприемништво во Република Македонија (2019-2023),

- Среднорочната стратегија за општествена одговорност на претпријатијата во Република Северна Македонија (2019-2023),
- Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022,
- Програмата за економски реформи 2021-2023,
- Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија 2021-2023-2025.

Со текот на годините, неколку институции се ангажираа за промовирање на социјалното претприемништво и за обезбедување поддршка на иницијативите поврзани со социјалните претпријатија. Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, во периодот 2017-2019 година Министерството за економија кофинансираше проекти за социјални претпријатија во рамките на мерките за развој и поддршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото. Агенцијата за поддршка на претприемништвото организираше неколку курсеви за обука и едукативни сесии за социјално претприемништво за млади и други засегнати страни. Министерството за труд и социјална политика пилотираше насочена активна мерка за вработување на ранливи групи граѓани во граѓанските организации и во социјалните претпријатија.

Земајќи ја предвид ширината на областите во кои социјалните претпријатија се активни и придонесуваат, Владата согледува/препознава дека Стратегијата за развој на социјалните претпријатија треба да е усогласена со многу од националните и секторските стратегии (и тие што веќе се донесени и тие што се во фаза на изработка), и тоа со:

1) Националните стратегии кои се фокусираат на претприемништвото и на целокупниот социо-економски развој како што се: стратегии за развој на мали и средни претпријатија, женско претприемништво, претприемничко учење, волонтирање, соработка и развој на граѓански организации, долгорочна стратегија за развој, одржлив развој, иновации, социјална одговорност итн.
2) Националните стратегии за специфични економски сектори како што се: земјоделство и рурален развој, развој на енергетиката, туризам итн.
3) Националните стратегии поврзани со социјалниот развој и инклузија како што се: стратегиите за вработување, млади, интеграција на Роми, понатаму стратегиите во доменот на казнено-поправниот систем, итн.

### 5.1.2 Развој на правна рамка

Во однос на правната рамка, МТСП, уште во 2015 година, го направи првиот чекор и објави нацрт-закон за социјално претприемништво, кој содржеше одредби за принципите, формите и активностите, критериуми за основање и управување, како и механизми за следење и проценка на социјалните претпријатија. Сепак, овој предлог не ги исполни очекувањата на засегнатите страни и процесот за изготвување на законот беше одложен откако беше утврдено дека се потребни понатамошни консултации.

Владата направи интервенции во Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 24/2019), и воведе можност да се користат резервирани договори како можност за дополнителна конкурентска предност на социјалните претпријатија (види 0).

Во новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104 од 23.5.2019 година), Владата предвидува поголемо ангажирање на единиците на локалната самоуправа за развој и обезбедување социјални услуги и предвидува локалната самоуправа - општините, здруженијата, поединците и приватните лица да бидат даватели

на социјални услуги. Ова им нуди можност на социјалните претпријатија да развиваат социјални услуги на локално ниво. Овие реформи во јавните политики се очекува да влијаат и врз екосистемот во кој работат социјалните претпријатија во земјата.

Сепак, **сегашното законодавство во Република Северна Македонија не ги признава и регулира социјалните претпријатија и социјалното претприемништво**. Покрај тоа, анализите укажуваат дека во некои области, законодавството може дури и да попречува одредени форми на социјални претпријатија и со тоа спречува да се искористи целосниот потенцијал на постојните политики. Ова создава потреба за преиспитување, ревизија и ажурирање на неколку други закони со цел да се предвидат социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во различни правни форми. Такви закони се: Законот за иновациска дејност, Законот за трговски друштва, Законот за вработување на лица со попреченост, Законот за задруги, Законот за земјоделство и рурален развој, итн.

## 6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

### 6.1 Принципи за осмислување и спроведување на приоритетните мерки во Стратегијата

Националната стратегија за развој на социјални претпријатија ги дефинира основните цели и клучните активности за периодот 2021-2027 година, со чие спроведување ќе се создаде соодветна правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија.

За да се постигнат овие цели (види 2. Визија и цели), Владата ќе ги осмисли, спроведе и усогласи приоритетните мерки, дадени во претходното поглавје, со цел тие да бидат:

- погодни за надминување на недостатоците и задоволување на потребите на социјалните претпријатија и нивниот екосистем,
- ефективни во постигнувањето на целите,
- ефикасни во споредба со алтернативните пристапи,
- усогласени со другите стратегии и програми на Владата и на ЕУ, и
- одржливи низ времето.

Мерките на Стратегијата ќе бидат спроведени во духот на добро управување и во постепен процес согласно стратешкиот циклус:

- Фаза 1 опфаќа спроведување на мерките и активностите предвидени со Акцискиот план 2021-2023;
- По оценката на секоја од мерките од првата фаза кон крајот на 2023, понатамошната целосна примена ќе се спроведе во фаза 2 со подготовка на нов план за периодот 2024-2027 година.

За таа цел, Владата ќе обезбеди **добро управување** при подготовката, спроведувањето и усогласувањето на приоритетните мерки. Ова ќе се постигне со:

- Доделување на јасна административна и буџетска одговорност на конкретно министерство или агенција за спроведување на определена приоритетна мерка;
- **Работната група за креирање политики и законски решенија за поддршка на социјалните претпријатија** која ќе служи како платформа за дијалог и соработка на Владата со засегнатите страни. Во нејзиниот состав (ќе) има претставници од повеќе сектори, односно нејзините членови ги претставуваат социјалните претпријатија, граѓанскиот сектор, високообразовни установи, малите и средните претпријатија. Нејзиниот мандат е да го следи спроведувањето на Стратегијата преку Акциониот План, да дава препораки до Владата на Република Северна Македонија и да го ажурира Акцискиот план.

За следење на Стратегијата ќе се подготвуваат годишни извештаи за состојбата и развојот на социјалните претпријатија, нивниот екосистем и јавните политики. МТСП ќе биде одговорно за систематизирање на информациите од следењето што се генерираат од ресорните министерства и партнерските агенции за нивното презентирање пред Владата. Овие извештаи исто така ќе се користат за предлагање на препораки за измени во Работната група за креирање политики и законски решенија за поддршка на социјалните претпријатија.

### 6.2 Стратешки приоритет 1: Воспоставување на правна рамка за социјално претприемништво

Терминот социјално претприемништво покрива широк спектар на активности и иницијативи, вклучително и социјални иницијативи спроведени од профитни бизниси, субјекти кои експлицитно исполнуваат општествена цел, релации и практики кои носат општествени придобивки, претприемачки трендови на ниво на организација. Ваквите

иницијативи можат да се спроведуваат од страна на поединци, непрофитни организации, јавни институции или непрофитни организации во партнерство со профитни претпријатија во обид да балансираат меѓу корпоративниот профит и општествената одговорност. Генерално, социјалното претприемништво се толкува како активност која ја спроведуваат поединци или група, без притоа да демонстрираат организациски карактеристики (модели за управување, забрана за дистрибуција на профитот итн.), меѓутоа со главна цел - остварување на општествени цели. Главната разлика меѓу социјалното претприемништво и социјалното претпријатие е во фактот што иницијативите за социјално претприемништво се спроведуваат од страна на нивните промотери и се засноваат на нивна волонтерска одлука. Од друга страна пак, во социјалното претпријатие спроведувањето на целите од јавен интерес е институционализирано.

**Главната цел на овој приоритет** е да подготви и воведе правна рамка која ќе ги утврди основните карактеристики на социјалните претпријатија, нивните водечки принципи и вредности, обврски и придобивки. Исто така, ќе се отстранат и пречките за социјалните претпријатија да работат и да се занимаваат со социјални иновации. Ова ќе:

- Придонесе за подобро признавање и поголем кредибилитет на социјалните претпријатија од страна на вработените; корисниците, потрошувачите и клиентите; давателите на средства и финансии, министерствата и државните органи; традиционалните претпријатија; и од пошироката јавност,
- Обезбеди основа и насока за дизајнирање и спроведување на соодветни и насочени програми за поддршка од страна на Владата, особено во врска со пристапот до јавни набавки, финансиска и нефинансиска помош и придобивки (на пр. поддршка за развој на деловни активности и стимулации за вработување загрозени или лица со попреченост итн.)
- Помогне социјалните претпријатија да развијат заеднички идентитет со цел да ја зголемат својата видливост преку споделување на мисијата и вредностите, деловните практики и начинот на управување.

**Во таа смисла, овој приоритет ќе биде остварен преку следниве мерки [7]:**

| | **Цели** | **Одговорни чинители** |
|---|---|---|
| **Мерка 1: Подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво / социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Утврдување законска дефиниција за социјалните претпријатија, постапка за нивно признавање, права и обврски на социјалните претпријатија во консултација со самите социјални претпријатија и засегнатите страни во екосистемот**<br>**Подготвување на законот и на подзаконските акти**<br>**Градење капацитети на институциите и на другите засегнати страни за спроведување на законот**<br>**Фаза 2:**<br>**Следење и проценка на ефикасноста, ефективноста и влијанието на законот и на постапките за негово спроведување.** | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Вклучени чинители**: Министерство за економија; Министерство за финансии; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Фонд за иновации и технолошки развој; Агенција за поддршка на претприемништво на РСМ; Агенција за вработување на РСМ; Мрежа на социјални претпријатија, граѓански организации, социјални претпријатија. |
| **Мерка 2 : Усогласување на правната рамка - Прилагодување на** | **Фаза 1:**<br>**Прегледување на законите за иновациска дејност, трговски компании, вработување на лица со попреченост,** | **Носител**: Надлежни министерства за секторски (под)законски акти |

[7] Активностите предвидени за имплементација на дадените мерки се дадени во акцискиот план кој е во прилог на оваа Стратегија

| | | |
|---|---|---|
| **постојните закони и подзаконски акти за поддршка на развојот на социјалните претпријатија** | **земјоделство и рурален развој, задруги, донации и спонзорства на јавни активности и други, за да се идентификува дали тие содржат пречки за развојот на социјалните претпријатија или пак можат да обезбедат придобивки за развојот на социјалните претпријатија**<br>**Предлагање промени кои го потпомагаат развојот на социјалните претпријатија**<br><br>**Фаза 2:**<br>**Следење и проценка на ефикасноста, ефективноста и на влијанието на ревидираните закони и на постапките за нивно спроведување.** | **Вклучени чинители**: Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво (Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за локална самоуправа, граѓански сектор, Мрежата на социјални претпријатија на Македонија и др.)<br>Управа за јавни приходи; Централен регистар на РСМ |
| <u>Мерка 3:</u> **Создавање механизми за систематско прибирање податоци за социјалните претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Отворање регистар на субјекти со статус на социјални претпријатија во рамките на Централниот регистар врз основа на процедурите дефинирани во законодавството**<br>**Воспоставување на механизам за прибирање на статистички податоци за социјалните претпријатија и развивање база на податоци за социјални претпријатија со проширени информации за нивната социјална мисија и влијание, деловниот модел, можностите за ангажирање и сл.**<br>**Фаза 2:**<br>**Одржување, проширување и промовирање на базата на податоци и интернет платформата за социјалните претпријатија** | **Носител за отворање регистар:** Централен регистар на РСМ во координација со Министерството за труд и социјална политика<br>**Носител за развивање база на податоци и јавно признавање и унапредување на социјалните претпријатија:** Министерството за труд и социјална политика<br>**Вклучени чинители:** Државниот завод за статистика, Министерството за економија; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; граѓанските организации; високообразовни установи; |
| <u>Мерка 4:</u> **Подобрување на даночниот третман на социјалните претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Подобрување на правната рамка за приватни донации**<br>**Дефинирање и подготвување на одредбите за подобар даночен третман на социјалните претпријатија во партиципативен процес**<br>**Фаза 2:**<br>**Спроведување, следење и проценка на ефикасноста, ефективноста и влијанието на даночната рамка врз социјалните претпријатија** | **Носител**:Министерство за финансии<br>**Вклучени чинители**: Министерство за правда, Министерството за труд и социјална политика; Управата за јавни приходи; граѓанските организации; социјалните претпријатија; високообразовни установи итн. |

### Резултати од стратешкиот приоритет 1:

- Воспоставена е правна дефиниција за социјално претпријатие во Закон за социјални претпријатија;
- Критериумите за доделување статус на социјално претпријатие се предвидени во Закон за социјални претпријатија;
- Отворен е регистар на законски признати социјални претпријатија;
- Воспоставена е правна рамка за социјалните претпријатија преку подготовка и усвојување на Закон за социјални претпријатија;

- Воспоставена е усогласена правна рамка за социјалните претпријатија преку ревидирање на законите што содржат пречки за развој на социјалните претпријатија или што може да обезбедат придобивки за развој на социјалните претпријатија
- Создадена е база на податоци и онлајн платформа за промовирање и јавно препознавање на заедницата на социјални претпријатија и нивните карактеристики.

### 6.3 Стратешки приоритет 2: Развивање култура за социјално претприемништво и за препознавање на социјални претпријатија

Културата на социјално претприемништво е:

- вкоренета во општествените вредности како што се граѓанскиот дух, солидарноста, одржливото размислување, емпатијата, довербата, волонтеризмот, меѓусебното разбирање и соработка,
- негувана од претприемачкиот менталитет, знаење и вештини како што се креативност, визија, иницијатива и финансиска и економска писменост или учење преку искуство и
- практикувана и призната во сите сфери на животот, работата и рекреативните активности, покажувајќи го начинот на кој се обликуваат широк спектар на активности на поединците и на заедниците, кои можат да бидат од грижа за деца па сè до пензионирање или пак од спорт до употреба на дигитални алатки.

Главната цел на овој приоритет е да се создадат неопходните услови за создавање, унапредување и негување на културата на социјално претприемништво.

**Во таа смисла, овој приоритет ќе биде остварен преку следниве мерки [8]:**

| Мерка | Цели за имплементација | Одговорни чинители |
|---|---|---|
| Мерка 1: Интеграција на поддршката за социјалните претпријатија во секторските политики и стратегии на национално и локално ниво | **Фаза 1:**<br>• **Формулирање на целите и принципите за спроведување на секоја мерка во согласност со соодветната секторска политика**<br>• **Развој на алатки и дефинирање процедури за мониторинг на јавните политики кои ги таргетираат социјалните претпријатија**<br>• **Градење на капацитетот на засегнатите страни, особено на институциите за спроведување на мерките во Стратегијата**<br>• **Поддршка за општините и локалните акциски групи за интегрирање на социјалните претпријатија во политиките за локален развој** | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво **Вклучени чинители**: Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) во партнерство и соработка со граѓанските организации и Мрежата на социјални претпријатија на Македонија. |

[8] Активностите предвидени за имплементација на дадените мерки се дадени во акцискиот план кој е во прилог на оваа Стратегија

| | | |
|---|---|---|
| | **Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведени во фаза 1**<br>● **Проценка, ажурирање и изготвување на описи на методот/пристапот за спроведување на секоја мерка во согласност со соодветната секторска политика** | |
| <u>Мерка 2</u>: Подигање на свеста и промоција на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија меѓу заедницата на социјални претпријатија | **Фаза 1:**<br><br>● **Градење на свест и интерес меѓу пратениците, претставниците на локалната и националната власт, бизнисите, задругите, заедницата за развој на нови компании и рурален развој и граѓанското општество за активностите и влијанието на социјалните претпријатија**<br><br>● **Организирање на национални настани за вмрежување, размена на искуства и информации на социјалните претпријатија**<br><br>**Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведени во фаза 1**<br>● **Зајакнување на заедницата на социјални претпријатија** | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br><br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво **Вклучени чинители:** ЗЕЛС во партнерство и соработка со граѓански организации и Мрежата на социјални претпријатија на Македонија; високообразовни установи |
| <u>Мерка 3:</u> Интеграција на социјалните претпријатија во наставните програми во формалното (основно, средно и високо) и неформалното образование. | **Фаза 1:**<br><br>● **Соработка со претставници на социјални претпријатија при реализација на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини, воннаставни и проектни активности во училиштата поврзани со социјалното претприемништво, практична настава во социјалните претпријатија**<br><br>● **Обезбедување поддршка за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, стручните соработници и директорите во основните и средните училишта, во врска со социјалното претприемаштво**<br><br>● **Организација на хакатони за средношколци и студенти за нивно изложување на општествените проблеми и развој на иновативни решенија за истите** | **Носител**: Министерство за образование и наука;<br><br>**Вклучени чинители**:<br><br>ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје; Фонд за иновации и технолошки развој; Биро за развој на образованието; високообразовни установи и граѓански организации (вклучително и младински организации и младински мрежи); Агенција за млади и спорт; Агенција за поттикнување на претприемништво на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| | ● **Мобилизација и градење на капацитетите на младинските организации со цел унапредување на нивните програми со активности за промовирање на претприемништвото, граѓанскиот активизам и социјалното претприемништво**<br><br>**Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување на одржлива основа, на активностите од фаза 1**<br>● **Ревидирање на наставните програми со цел вклучување на социјалното претприемништво**<br>● **Развивање, верификација и имплементирање на програми за социјалната економија во неформалниот образовен систем Поддршка на професионалниот развој на кадар во високото образование за социјално претприемништво**<br>● **Развој на инкубатори (HUB-ови) во рамките на училиштата и високообразовните институции.** | |
| Мерка 4: Генерирање, консолидација и споделување на знаење за социјалните претпријатија и нивниот екосистем преку истражување, анализа, статистички податоци, итн. | **Фаза 1:**<br><br>● **Истражување и анализа за спроведувањето на Фаза 1 од Стратегијата**<br>● **Воспоставување механизам за собирање статистички податоци за различните модели на социјални претпријатија (на пр. сателитски сметки)**<br><br>**Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведени во фаза 1**<br>● **Воспоставување механизам за следење, собирање податоци и спроведување на анализи за развојот на социјалните претпријатија и нивниот екосистем**<br>● **Поддржување на истражувања и анализи за развојот на социјалните претпријатија, вклучително и интеграција во регионални и европски истражувања**<br>● **Собирање јавни статистички податоци за клучните карактеристики на социјалните претпријатија** | **Носител**:<br><br>Министерството за труд и социјална политика во партнерство со Националниот ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија,<br><br>**Вклучени чинители**:<br><br>Државен завод за статистика; Високообразовни установи; граѓански организации; истражувачки центри; итн. |

| | | |
|---|---|---|
| Мерка 5: Поддршка на социјалните претпријатија за мерење и известување на нивното општествено влијание | **Фаза 1:**<br><br>● **Развој на методологија за мерење на општественото и економското влијание на социјалните претпријатија**<br>● **Давање насоки и помош на социјалните претпријатија за мерење и известување на социјалното влијание**<br><br>**Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведени во фаза 1**<br>● **Подготовка и оценка на извештаите за социјално влијание и подобрување на насоките и помошта** | **Носител**:<br><br>Министерство за труд и социјална политика или друга надлежна институција/тело утврдено со закон<br><br>Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија;<br><br>**Вклучени чинители**:<br><br>Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ;<br>Мрежа на социјални претпријатија на Македонија;<br>Граѓански организации;<br>академска заедница; |
| Мерка 6: Усогласување на приоритетните мерки со соодветните политики и програми на ЕУ | **Фаза 1:**<br><br>● **Континуирано учество на претставниците на Владата и на социјалните претпријатија во телата на ЕУ за социјални претпријатија (како што е експертската група на ЕК за социјална економија и социјални претпријатија)**<br><br>● **Вклучување на Република Северна Македонија во студиите за мапирање на еко-системот за социјални претпријатија и други тековни истражувања**<br>● **Вмрежување и формирање партнерства со мрежи на социјални претпријатија кои се активни на ЕУ ниво.**<br><br>**Фаза 2:**<br><br>● **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведени во фаза 1**<br>● **Користење на учеството во програмите на ЕУ за развој на капацитетите на засегнатите страни и подобрување на нивните вештини и практики**<br>● **Поврзување со европските партнери** | **Носител**:<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија;<br><br>Мрежа на социјални претпријатија на Македонија |

**Резултати од стратешкиот приоритет 2:**

- Социјалните претпријатија се призната целна група во секторските политики и стратегии на Владата;
- Зголемен капацитет на институциите да ги препознаваат социјалните претпријатија во рамките на постоечките стратегии и програми;
- Образовните институции го зголемија обемот и квалитетот на нивните образовни активности за развој на социјални претприемачки вештини;
- Подигната е свеста на јавноста за улогата на социјалните претпријатија за одржлив развој на заедницата;
- Чинителите одговорни за дизајнирање или спроведување мерки воспоставија партнерства за учење со соодветни организации во соседните земји или во земјите на ЕУ

## 6.4 Стратешки приоритет 3: Потпомагање на меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на клучните чинители во екосистемот

**Главната цел на овој приоритет** е да се надминат слабостите на постојниот екосистем во кој работат социјалните претпријатија преку подобрување на нивниот капацитет за дејствување.

Се очекува мерките да овозможат:

- Да се унапреди употребата на професионални алатки и методи за развој на социјалните претпријатија и за обезбедување поддршка за социјалните претпријатија;
- Да се развијат синергии и соработка меѓу давателите на финансиски услуги, услуги за градење капацитети и трансфер на компетенции;
- Да се поттикне развојот на регионални или тематски фокусирани организации за поддршка на развојот на социјалните претпријатија;
- Да се развијат капацитетите на давателите на ресурси во екосистемот со тоа што ќе бидат вклучени во процес на трајно учење: учење преку работа, учење од нивните европски колеги и учење од искуство;
- Да се постават темелите за развој на финансиски одржлив и меѓусебно поврзан екосистем, кој ќе обезбедува соодветни ресурси за развој на социјалните претпријатија.

Во таа смисла, овој приоритет ќе биде остварен преку следниве мерки [9]:

| Мерки | Цели | Одговорни чинители |
|---|---|---|
| Мерка 1 : Воспоставување на ресурсни и центри за развој на социјални претпријатија на национално и локално ниво | **Фаза 1:**<br>• **Воспоставување на национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија**<br>• **Воспоставување развојни центри на локално ниво**<br>• **Развој на модел за професионализација и финансиска одржливост на центрите**<br>**Фаза 2:**<br>• **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно спроведувани во фаза 1**<br>• **Тековно подобрување на квалитетот и обемот на услугите на ресурсните центри** | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика<br>**Вклучени засегнати страни:**<br>Институциите од Работната група за креирање политики и законски решенија за поддршка на социјалните претпријатија<br>(Министерство за економија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за финансии; Министерство за локална самоуправа; Управа за јавни приходи; Централен регистар на РСМ; Агенција за вработување на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; граѓански организации; социјални претпријатија; ). |
| Мерка 2 : Подобрување на обемот и квалитетот на услугите за поддршка на чинителите во екосистемот | **Фаза 1:**<br>• **Развивање и спроведување на програми за професионална обука, менторски програми и обезбедување индивидуализирана поддршка за сите чинители во екосистемот**<br>• **Оснажнување на организациите за поддршка на социјалните претпријатија да развиваат и тестираат различни пристапи и модели за да им помогнат на социјалните претпријатија во генерирање идеи, почетна инкубација и забрзување на развојот, подобрување на нивната понуда на услуги, достигнување до поголем број потрошувачи, подобрување на нивната одржливост**<br>**Фаза 2:** | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика , Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија<br>**Вклучени чинители:** Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; Граѓански организации; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за поттикнување на претприемништвото на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој и други јавни институции (пр. Управа за извршување на санкциите); приватни советодавни даватели на услуги; банкарски сектор; приватни компании |

[9] Активностите предвидени за имплементација на дадените мерки се дадени во акцискиот план кој е во прилог на оваа Стратегија

| | | |
|---|---|---|
| | • **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1**<br>• **Развивање и спроведување на мрежен и твининг механизам за постојано подобрување на квалитетот и обемот на услугите на чинителите во екосистемот** | |
| Мерка 3: Градење на капацитетите на социјалните претпријатија | **Фаза 1:**<br>• **Воспоставување на заедничка и транснационална размена на знаење и можности за соработка за социјалните претпријатија**<br>• **Развивање и тестирање на услуги за подготвување на социјалните претпријатија за склучување договори, земање заеми и инвестирање**<br>• **Подобрување на капацитетот и вештините на социјалните претпријатија за добивање и управување со договори, заеми и инвестиции**<br>• **Подобрување на капацитетите на граѓанските организации за формирање и раст на одржливи социјални претпријатија**<br>**Фаза 2:**<br>• **Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика, Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија<br>**Вклучени чинители:** Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; Граѓански организации; Генерален секретаријат на Владата на РСМ; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за поттикнување на претприемништвото на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој и други јавни институции (пр. Управа за извршување на санкциите); приватни советодавни даватели на услуги, банкарски сектор; приватни компании; |

**Резултати од стратешкиот приоритет 3:**

- Организациите за поддршка на социјални претпријатија:
    - Стекнале професионални компетенции за помош и обезбедување ресурси за развој на социјалните претпријатија;
    - Ја подобриле ефективноста и квалитетот на своите услуги и соработката помеѓу давателите на финансиски услуги и давателите на услуги за градење капацитети;
    - Нудат поддршка на социјалните претпријатија да се подготват да склучуваат договори, земаат заеми или инвестираат;
    - Нудат специјализирани услуги за развој на социјални претпријатија со регионален, тематски или секторски фокус;
    - Учествуваат во процес на трајно учење: учење преку работа, учење од нивните европски колеги и учење преку искуство;
    - Имаат обезбедена финансиска одржливост.

- Социјалните претпријатија:
    - ги подобрија своите перформанси преку учество во меѓусебна и транснационална размена на знаење и преку можностите за соработка со други социјални претпријатија;
    - ја развија и зголемија својата подготвеност да склучуваат договори, земаат заеми и инвестираат.
- Чинителите одговорни за дизајнирање или спроведување мерки воспоставија партнерства за учење со соодветни организации во соседните земји или во земјите на ЕУ.

### 6.5 Стратешки приоритет 4: Овозможување пристап до и развој на пазари за социјални претпријатија

**Главната цел на овој приоритет** е да им овозможи на социјалните претпријатија пристап до пазарите и да ги користат ресурсите што ги нуди пазарот.

Се очекува мерките да:

- Создадат еднакви услови за малите и средни претпријатија и за социјалните претпријатија;
- Поттикнат создавање култура на одговорна потрошувачка во јавниот и приватниот сектор и кај општата јавност;
- Ја зголемат употребата на резервирани договори во јавните набавки, да се предвидат еколошки и да се унапредат социјалните критериуми во Законот за јавни набавки;
- Поттикнат и промовираат партнерства со приватниот сектор за вклучување на социјалните претпријатија во нивните синџири на снабдување;
- Зголемат видливоста и препознавањето на социјалните претпријатија на пазарот поради специфичната вредност со која придонесуваат во општеството.

**Во таа смисла, овој приоритет ќе биде остварен преку следниве мерки[10]:**

| Мерки | Цели | Одговорни чинители |
|---|---|---|
| **<u>Мерка 1</u>: Развивање на пазарот на јавни услуги и добра за социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Подобрување на употребата на механизмот за резервирани јавни набавки**<br>**Подобрување на пристапот на социјалните претпријатија до постапките за јавни набавки**<br>**Подобрување на соработката помеѓу социјалните претпријатија и националните и локалните власти**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носител**: Министерство за финансии и Биро за јавни набавки;<br>**Вклучени чинители:** Министерството за труд и социјална политика**;** Министерство за економија; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; општини; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; стопански комори; ЗЕЛС; социјални претпријатија; граѓански организации; високообразовни установи; |

[10] Активностите предвидени за имплементација на дадените мерки се дадени во акцискиот план кој е во прилог на оваа Стратегија

| | | |
|---|---|---|
| **<u>Мерка 2:</u> Развивање на приватниот пазар за социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Поттикнување и унапредување на соработката и партнерството на социјалните претпријатија со приватниот сектор за вклучување на социјалните претпријатија во нивните синџири на снабдување**<br>**Поттикнување на вмрежување меѓу социјалните претпријатија и приватниот сектор**<br>**Промоција на соработката помеѓу социјалните претпријатија и приватниот сектор**<br>**Подигање на свеста кај двата сектори за потенцијалните можности за соработка**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани -во фаза 1** | **Носител(и)**: Министерство за труд и социјална политика; Министерството за економија; Министерството за финансии; Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции;<br>**Вклучени чинители:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; општините; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; стопанските комори; бизнис заедницата; ЗЕЛС; социјалните претпријатија; граѓанскиот сектор; високообразовни установи; приватни советодавни даватели на услуги |
| **<u>Мерка 3:</u> Зголемување на видливоста и препознатливоста на социјалните претпријатија на пазарот** | **Фаза 1:**<br>**Организирање на разни настани за промоција на социјалните претпријатија (саеми, денови на социјални претпријатија, пазари)**<br>**Поттикнување на создавањето на култура на одговорна потрошувачка кај сите чинители на пазарот**<br>**Поддржување на информативна кампања за (потенцијалните) придобивки од социјалните претпријатија**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носители**: Министерство за труд и социјална политика; Министерството за економија; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции<br>**Вклучени чинители:** Агенција за поттикнување на претприемништвото на РСМ; општините; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; стопанските комори; бизнис заедницата; ЗЕЛС; социјалните претпријатија; граѓански организации; високообразовни установи; |

**Резултати од стратешкиот приоритет 4:**

- Развиен пазар на обезбедување јавни добра и услуги кој ја поттикнува употребата на механизмот за резервирани јавни набавки;
- Развиен приватен пазар кој создава мрежи и ја олеснува соработката помеѓу бизнис секторот и социјалните претпријатија;
- Зголемено признавање на социјалните претпријатија на пазарот, што ги прави редовен партнер/постојан чинител во деловното работење;
- Изградена свест кај граѓаните за етичка потрошувачка.

## 6.6 Стратешки приоритет 5: Олеснување на пристапот до надворешни финансии

**Главната цел на овој приоритет** е да се развие екосистемот за социјални финансии, во кој:

- Јавните и финансиските институции ги споделуваат вредностите на социјалните претпријатија, и развиле капацитети да ги разберат нивните финансиски потреби, нивниот бизнис модел и моделот на социјално влијание, нивните активности и обезбедуваат (пристап до) надворешно финансирање
- Социјалните претпријатија имаат знаење и вештини да ги разберат правилата на финансиските пазари, имаат можност да аплицираат за заеми и имаат економски капацитет да ги вратат и капацитет да ја поврзат својата финансиска успешност со создадените социјални влијанија.

**Во таа смисла, овој приоритет ќе биде остварен преку следниве мерки [11]:**

| Мерки | Цели | Одговорни чинители |
|---|---|---|
| **Мерка 1: Пилотирање на финансиски инструменти за социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>**Зголемување на подготвеноста на (потенцијалните) (приватни и јавни) финансиски институции за развој и тестирање на финансиски инструменти посветени за задоволување на потребите на социјалните претпријатија, како на пример посебна програма за заеми и гаранции, платформа за crowdfunding, фонд за инвестиции, етичка или задружна финансиска институција, обврзници за социјално влијание итн.**<br>**Помагање на (приватните и јавни) финансиски институции да изготват бизнис план за најсоодветниот и прифатлив финансиски инструмент**<br>**Проценување на потребите и способноста на социјалните претпријатија да користат заеми или долгорочен капитал и помош за пилотираните социјалните претпријатија при подготовката на документацијата и при преговарање за развојни заеми (Види Стратешки приоритет 3, мерка 3)**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носители**:<br>Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика<br>**Вклучени чинители:**<br>Сојуз на микрофинансиски организации; Развојна банка на Северна Македонија; банкарски и финансиски институции, Мрежата на социјални претпријатија на Македонија; здруженија и фондации; Меѓународни донатори |
| **Мерка 2: Активирање на јавни средства преку инструменти за социјални финансии** | **Фаза 1:**<br>**• Проширување на критериумите за подобност за вклучување на социјалните претпријатија во националните програми за финансирање на социјалните услуги, мали и средни претпријатија, дигитализација, рурален развој и одржлив развој**<br>**• Обезбедување јавни гаранции за покривање ризик кај деловните банки**<br>**Поттикнување и создавање финансиски посреднички субјекти за градење на социјалниот финансиски пазар** | **Носители**:<br>Надлежни министерства и институции за планирање и спроведување на одделни програми (Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Развојна банка на Северна Македонија; Агенција за вработување на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој; Генерален |

[11] Активностите предвидени за имплементација на дадените мерки се дадени во акцискиот план кој е во прилог на оваа Стратегија

| | | |
|---|---|---|
| | • **Развој нефинансиски инструменти специјално дизајнирани за социјалните претпријатија**<br>• **Развој на финансиски инструменти за поддршка на социјални претпријатија**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1**<br>**Поттикнување солидарно штедење** | секретаријат на Владата на РСМ); Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>**Вклучени чинители:**<br>Планските региони; Општинските власти; ЗЕЛС; социјалните претпријатија; приватни советодавни даватели на услуги |
| **Мерка 3:**<br>**Поттикнување на компаниите да ја користат корпоративната општествена одговорност за финансирање на инвестиции во социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>● **Поттикнување на развој на партнерства и унапредување на соработката помеѓу традиционалниот бизнис и социјалните претпријатија (Види Стратешки приоритет 4, мерка 2)**<br>**Ревидирање на критериумите на Министерството за економија за доделување на наградите за општествена одговорност и воведување мерка, партнерство со социјално претпријатие како критериум за општествена одговорност на традиционалните бизниси**<br>**Подобрување на правната рамка за приватни донации**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носител(и)**:<br>Министерството за економија; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за правда<br>**Вклучени чинители:**<br>Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; општините; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; стопанските комори; бизнис заедница; ЗЕЛС; социјалните претпријатија; граѓански организации; високообразовни установи; |
| **Мерка 4:**<br>**Воспоставување програма за граѓанските организации за создавање инкубатори, за развој и формирање социјални претпријатија** | **Фаза 1:**<br>● **Воспоставување на систем на финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации**<br>**Фаза 2:**<br>**Продолжување, на одржлива основа, на активностите што се успешно тестирани во фаза 1** | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика; Генерален секретаријат на Владата на РСМ<br>**Вклучени чинители:**<br>Министерството за економија; Министерството за финансии; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; општините; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; стопанските комори; бизнис заедницата; ЗЕЛС; социјалните претпријатија; граѓански организации; високообразовни установи; |

**Резултати од стратешкиот приоритет 5:**

- Банките и другите финансиски институции нудат широк спектар на квалитетни финансиски инструменти базирани на потребите на потенцијалните и постојните социјални претпријатија;
- Банките и финансиските институции воведоа процедури за учење и управување со квалитетот на нивните услуги;
- Социјалните претпријатија имаат капацитет и можност да пристапат до програми за јавни грантови и програми за социјални финансии;

- Воспоставени се еднакви услови за сите чинители на пазарот за добивање јавна поддршка;

# АКЦИСКИ ПЛАН 2021-2023

## за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАВНА РАМКА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Резултати од стратешкиот приоритет 1:**

- Воспоставена е правна дефиниција за социјално претпријатие во Закон за социјални претпријатија;
- Критериумите за доделување статус на социјално претпријатие се предвидени во Закон за социјални претпријатија;
- Отворен е регистар на законски признати социјални претпријатија;
- Воспоставена е правна рамка за социјалните претпријатија преку подготовка и усвојување на Закон за социјални претпријатија;
- Воспоставена е усогласена правна рамка за социјалните претпријатија преку ревидирање на законите што содржат пречки за развој на социјалните претпријатија или што може да обезбедат придобивки за развој на социјалните претпријатија;
- Создадена е база на податоци и онлајн платформа за промовирање и јавно препознавање на заедницата на социјални претпријатија и нивните карактеристики.

**Мерка 1:** Подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво/социјални претпријатија

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **А.1.1.1.** Утврдување законска дефиниција за социјалните претпријатија, постапка за нивно признавање, права и обврски на социјалните претпријатија во консултација со самите социјални претпријатија и засегнатите страни во екосистемот | **И.1.1.1.1.** Број на работни состаноци во подготвителниот процес на изработка на Закон за претприемништво/социјални претпријатија и подзаконски акти<br><br>**И.1.1.1.2.** Закон за социјално претприемништво/социјални претпријатија во сила | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво (Министерство за економија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за финансии; Министерство за локална самоуправа; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија;<br>Управа за јавни приходи<br>Централен регистар на РСМ | IV квартал 2022 | **~2.040.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | граѓански организации; социјални претпријатија; Агенција за вработување на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ) | | |
| **А.1.1.2.** Дефинирање критериуми за доделување ознака за социјални претпријатија | **И.1.1.2.1.** Усвоени критериуми за доделување ознаки за социјалните претпријатија како дел на законско решение; | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво | III квартал 2021-IV квартал 2022 | ~ **340.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија" |
| **А.1.1.3.** Воспоставување на процедура за доделување статус на социјално претпријатие | **И.1.1.3.1.** Воспоставени законски процедури и постапки за стекнување статус/ознака на социјално претпријатие<br><br>**И.1.1.3.2.** Усвоено упатство за доделување ознаки за социјалните претпријатија како подзаконски акт | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво | III квартал 2021-IV квартал 2022 | ~ **340.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија" |
| **А.1.1.4.** Градење капацитет на надлежните институции за спроведување на процесот на доделување статус на социјално претпријатие и за спроведување на законот во целина | **И.1.1.4.1.** Број на службеници обучени за спроведување на процесот за доделување статус на социјално претпријатие; | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво<br>**Вклучени засегнати страни**: Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; Централен регистар на РСМ; Управа за јавни приходи граѓански организации; високообразовни установи; | III квартал 2021-IV квартал 2022 | ~ **390.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија" |
| **А.1.1.5.** Мониторинг и унапредување на процедурата за доделување ознаки на социјално претпријатие | **И.1.1.5.1.** Анализа за измени и дополнувања на воспоставената процедура за доделување статус на социјално претпријатие на годишно ниво | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво | Во континуитет, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А.1.1.6.** Следење и проценка на ефикасноста; ефективноста и влијанието на законот и на постапките за негово спроведување**.** | **И.1.1.6.1.** Спроведување на анализа<br>**И.1.1.6.2.** Измени и дополнувања на Законот за социјални претпријатија | **Носител**. Министерство за труд и социјална политика , Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија[12]<br>**Вклучени засегнати страни**: граѓански организации; социјални претпријатија; високообразовни установи | По донесување на Законот во континуитет, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените. |

| **<u>Мерка 2:</u>** Усогласување на правната рамка - Прилагодување на постојните закони и подзаконски акти за поддршка на развојот на социјалните претпријатија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А.1.2.1.** Усогласување на правната рамка за социјалните претпријатија преку ревидирање на законите (пр. за иновациска дејност, трговски компании, вработување на лица со попреченост, рурален развој, задруги, донации и спонзорства на јавни активности и други) што содржат пречки за развој на социјалните претпријатија или што може да обезбедат придобивки за развој на социјалните претпријатија | **И.1.2.1.1.** Број на измени и дополнувања кај други закони поврзани со работењето на социјалните претпријатија | **Носител:** Надлежни министерства за секторски (под)законски акти<br><br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво (Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за локална самоуправа; граѓански организации; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија и др.);<br>Управа за јавни приходи<br>Централен регистар на РСМ | IV квартал 2022 | Види мерка 1 |
| **<u>Мерка 3:</u>** Создавање механизми за систематско прибирање податоци за социјалните претпријатија | | | | |

[12] Центарот ќе биде основан во текот на имплементацијата на Стратегијата, преку проектот за техничка помош за градење структури на социјални претпријатија

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **А.1.3.1.** Отворање регистар на субјекти со статус на социјални претпријатија во рамките на Централниот регистар врз основа на акти и процедури за упис во Централен регистер | **И.1.3.1.1.** Воспоставена процедура за упис на Социјалните претпријатија во Централниот регистар на деловни субјекти<br><br>**И.1.3.1.2.** Број на социјални претпријатија регистрирани во регистар на деловни субјекти со статус на социјални претпријатија во период од 12 месеци од стапување на сила на Законот за социјални претпријатија | **Носител**: Централен регистар на РСМ во координација со Министерството за труд и социјална политика | IV квартал 2022, односно по донесување на законот | **~ 740.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |
| **А.1.3.2.** Развивање база на податоци за социјални претпријатија со информации за нивната социјална мисија и влијание, деловниот модел, можностите за ангажирање и сл. | **И.1.3.2.1.** Воспоставен механизам за систематско и редовно прибирање на податоци за социјалните претпријатија<br>**(**прибирање на статистички податоци за социјалните претпријатија било како дел од статистички истражувања на Државниот завод за статистика или преку посебна он-лајн анкета) | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика<br><br>**Вклучени засегнати страни**:<br>Министерство за финансии;<br>Централен регистар на РСМ;<br>Државен завод за статистика;<br>граѓански организации;<br>високообразовни установи;<br>Министерството за економија;<br>Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; | IV квартал 2022, односно по донесување на законот | **Види А.1.3.1** |
| **А.1.3.3.** Одржување, проширување и промовирање на базата на податоци и интернет платформата за социјалните претпријатија | **И.1.3.3.1.** Број и вид на извештаи или табеларни прегледи што се генерираат од воспоставената и оперативна базата на податоци<br>**И.1.3.3.2.** Надградба на базата на податоци | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br><br>**Вклучени засегнати страни**:<br>Министерство за финансии;<br>Централен регистар на РСМ;<br>Државен завод за статистика;<br>граѓански организации;<br>социјални претпријатија; Мрежа | Почнувајќи од 2023 во континуитет, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **И.1.3.3.3**. Надградба на интернет платформата за социјалните претпријатија | на социјални претпријатија на Македонија | | |
| **Мерка 4:** Подобрување на даночниот третман на социјалните претпријатија | | | | |
| **А.1.4.1.** Подобрување на правната рамка за приватни донации (преку Законот за донации и спонзорства во јавните дејности или преку воведување намалување на даночната стапка во сегашните даночни закони) | **И.1.4.1.1.** Број на измени и дополнување на правната рамка<br>**И.1.4.1.2.** Број на компании со креирани фондови за инвестирање во социјални претпријатија<br>**И.1.4.1.3.** Износ на финансиски средства планирани и инвестирани во развој на социјални претпријатија | **Носител**:Министерство за правда<br>**Вклучени засегнати страни:** Министерство за финансии, Министерството за труд и социјална политика; Управа за јавни приходи; граѓански организации; социјални претпријатија високообразовни установи итн. | IV квартал 2022, односно по донесување на Законот за социјални претпријатија | Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените. |
| **А.1.4.2.** Креирана поволна фискална/даночна политика за определениот даночен модел за подобар и правичен даночен третман на социјалните претпријатија<br><br>*(Првично намалените даночни приходи ќе бидат компензирани од намалените социјални расходи и зголемените приходи од индиректните даноци, а подоцнежно зголемување на даночната основа, но и на придонесите)* | **И.1.4.2.1.** Објавена анализа за сегашната состојба во врска со даночниот третман и препораките за најпогоден модел за даночен третман на социјалните претпријатија<br>**И.1.4.2.2.** Дефинирани и подготвени одредбите за подобар даночен третман на социјалните претпријатија[13]<br>**И.1.4.2.3.** Дефиниран даночен модел за социјалните претпријатија, штедачите, финансиите и приватниот капитал кои се во функција на социјалната економија | **Носител**:Министерство за финансии<br>**Вклучени засегнати страни**: Министерството за труд и социјална политика; Управа за јавни приходи; граѓански организации; социјални претпријатија; високообразовни установи итн. | IV квартал 2022, односно по донесување на Законот за социјални претпријатија | **~340.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |

[13] Креирањето на одредени даночни поволности е детерминирано од претходна подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво/социјални претпријатија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А.1.4.3.** Спроведување, следење и проценка на ефикасноста, ефективноста и влијанието на даночната рамка врз социјалните претпријатија | **И.1.4.3.1.** Анализа за ефикасноста, ефективноста и влијанието на даночната рамка врз социјалните претпријатија | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика-Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија<br><br>**Вклучени засегнати страни**: Министерство за финансии; Управа за јавни приходи; Министерство за труд и социјална политика | Почнувајќи од 2023 во континуитет, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: РАЗВИВАЊЕ КУЛТУРА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Резултати од стратешкиот приоритет 2:**

- Социјалните претпријатија се призната целна група во секторските политики и стратегии на Владата;
- Зголемен капацитет на институциите да ги препознаваат социјалните претпријатија во рамките на постоечките стратегии и програми;
- Образовните институции го зголемија обемот и квалитетот на нивните образовни активности за развој на социјални претприемачки вештини;
- Подигната е свеста на јавноста за улогата на социјалните претпријатија за одржлив развој на заедницата;
- Чинителите одговорни за дизајнирање или спроведување мерки воспоставија партнерства за учење со соодветни организации во соседните земји или во земјите на ЕУ

**Мерка 1:** Интеграција на поддршката за социјалните претпријатија во секторските политики и стратегии на национално и локално ниво

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **А.2.1.2.** Развој на алатки и дефинирање процедури за мониторинг на јавните политики кои ги таргетираат социјалните претпријатија | **И.2.1.2.1.** Воспоставен механизам за следење и мапирање на капацитетите на социјалните претпријатија; **И.2.1.2.2.** Број на јавни службеници и претставници од граѓанскиот сектор обучени да ги користат алатките за мониторинг на јавните политики за социјалните претпријатија | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика и други министерства и институции надлежни за секторските јавни политики | IV квартал 2021 | **~1.050.000 МКД** ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |
| **А.2.1.3**. Градење на капацитети на институциите за спроведување на мерките во Стратегијата | **И.2.1.3.1.** Воспоставена соработка помеѓу надлежните институции и тела со цел следење на развојот на социјалните претпријатија **И.2.1.3.2.** Број на препораки за унапредување на воспоставениот еко-систем за развој на социјалните претпријатија предвидени во годишниот извештај; | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво | II квартал 2022 | **~ 680.000 МКД** ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **И.2.1.3.3.** Број на имплементирани препораки за унапредување на воспоставениот еко-систем за развој на социјалните претпријатија за социјалните претпријатија; | | | |
| **А.2.1.4**. Поддршка за општините и локалните акциски групи за интегрирање на социјалните претпријатија во политиките за локален развој | **И.2.1.4.1.** Број на општини кои социјалните претпријатија ги имаат интегрирано во политиките за локален развој | **Носител:** ЗЕЛС во партнерство и соработка со граѓански организации и Мрежата на социјални претпријатија на Македонија. | II квартал 2022 | **~ 1.420.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |

| **Мерка 2:** Подигање на свеста и промоција на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија меѓу заедницата на социјални претпријатија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А.2.2.1**. Подигање на свеста и интересот меѓу лицата кои одлучуваат во врска со активностите и влијанието на социјалните претпријатија - градење на свест и интерес меѓу пратениците, претставниците на локалната и националната власт, бизнисите, задругите, заедницата за развој на нови компании и | **И.2.2.1.1.** Број на одржани настани за промоција на социјалните претпријатија;<br>**И.2.2.1.2.** Број на учесници на настанот за промоција на социјалните претпријатија и<br>**И.2.2.1.3.** Креирано и промовирано брендирано лого на социјалните претпријатија | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br><br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво<br>**Вклучени засегнати страни**:, ЗЕЛС во партнерство и соработка со граѓански организации и Мрежата на социјални претпријатија на Македонија; високообразовни установи | IV квартал 2022 | **~ 10.400.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| рурален развој и граѓанското општество за активностите и влијанието на социјалните претпријатија; | | | | |
| **А.2.2.2**. Организирање на национални настани за вмрежување, размена на искуства и информации на социјалните претпријатија | **И.2.2.2.1.** Број на одржани настани со цел вмрежување, размена на искуства и информации меѓу социјалните претпријатија;<br>**И.2.2.2.2.** Број на учесници на организирани настани за вмрежување на социјалните претпријатија<br>**И.2.2.2.3** Број на креирани мрежи и/или интернет платформа за споделување информации и ресурси меѓу социјалните претпријатија | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br><br>**Вклучени засегнати страни**: граѓански организации; социјални претпријатија; Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; министерства; единици на локална самоуправа; високообразовни установи | IV квартал 2022 | **Види** А.2.2.1 |
| **А.2.2.3.** Поддршка преку информативна кампања за (потенцијалните) придобивки од социјалните претпријатија преку споделување успешни примери за придобивките на социјалните претпријатија | **И.2.2.3.1** Број на учесници и настани за зајакнување на капацитетите на практикување комуникација и употреба на информации поврзани со социјални претпријатија<br>**И.2.2.3.2.** Број на учесници и настани/кампањи за олеснување на процесот на градење функционален еко- систем (правен, финансиски, комерцијален) во однос на | **Носител**: Министерство за труд и социјална политика<br><br>Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво<br>**Вклучени засегнати страни :** граѓански организации, социјални претпријатија, Мрежа на социјални претпријатија на Македонија, министерства, единици на локална самоуправа. | IV квартал 2022 | **Види** А.2.2.1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | социјални претпријатија/ претприемништво помеѓу институции на национално и локално ниво значајни во процесот за поддршка на социјалните претпријатија.<br>**И.2.2.3.3.** Број на кампањи/настани за ширење на информацијата поврзана со инклузија на ранливи групи и социјалните претпријатија, меѓу сите чинители вклучени во процесот.<br>**И.2.2.3.4.** Број на апликанти и успешни апликации при промовирање на шемата за грантови од ДЕУ како начин за иден развој на социјалните претпријатија во земјата. | | | |

| **<u>Мерка 3:</u>** Интеграција на социјалните претпријатија во наставните програми во формалното (основно, средно и високо) и неформалното образование. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А.2.3.1.** Соработка со претставници на социјални претпријатија при реализација на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини, воннаставни и проектни активности во училиштата поврзани со социјалното претприемништво, | **И.2.3.1.1.** Број на реализирани воннаставни и проектни активности<br>**И.2.3.1.2.** Број на ученици/практиканти што посетуваат практични настава во социјални претпријатија | **Носител:** Министерство за образование и наука;<br>**Вклучени засегнати страни:** Училиштата; Биро за развој на образованието; Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ; Граѓански организации (вклучувајќи и младински | Почеток во IV квартал 2021 (од учебна година 2021/2022) – тековно | Не се потребни дополнителни финансиски средства.<br><br>Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените. Активностите ќе бидат координирани од страна на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| практична настава во социјални претпријатија | | организации и мрежи на млади);<br>високообразовни установи;<br>приватен сектор | | Бирото за развој на образованието/ЦСОО , Националниот ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија |
| **А.2.3.2**. Обезбедување поддршка за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, стручните соработници и директорите во основните и средните училишта, во врска со социјалното претприемништво | **И.2.3.2.1.** Број на обучен воспитно-образовен кадар, претставници од стручните соработници и директори;<br>**И.2.3.2.2.** Број на спроведени обуки на воспитно-образовниот кадар | **Носител:** Министерство за образование и наука;<br>**Вклучени засегнати страни:** Биро за развој на образованието | Почеток во IV квартал 2022 (од учебна година 2022/2023) -тековно | Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието ќе обезбедат средства во рамките на годишната програма за обука за основно и средно образование |
| **А.2.3.3.** Организација на хакатони за средношколци и студенти за нивно изложување на општествените проблеми и развој на иновативни решенија за истите | **И.2.3.3.1.** Број на организирани хакатони;<br>**И.2.3.3.2.** Број на вклучени училишта и Број на вклучени ученици во организирани хакатони | **Носител:** Министерство за образование и наука;<br>**Вклучени засегнати страни:** Фонд за иновации и технолошки развој; Граѓански организации (вклучувајќи и младински организации и мрежи на млади) | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А.2.3.4.** Развивање, верификација и имплементирање на програми за социјалната економија во неформалниот образовен систем (образование на возрасни) | **И.2.3.4.1.** Број на програми за социјално претприемништво верификувани од ЦОВ (Центар за образование на возрасни)-<br>**И.2.3.4.2.** Преглед на реализирани програми за социјално претприемништво за неформално образование | **Носител:** Министерство за образование и наука;<br>**Вклучени засегнати страни:** ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје; Фонд за иновации и технолошки развој; граѓански организации; донаторска заедница | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стратегијата, но со поголема динамика по 2023 година | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А.2.3.5.** Мобилизација и градење на капацитетите на младинските организации со цел унапредување на нивните програми со активности за | **И.2.3.5.1**. Број на младински организации кои работат на поттикнување на млади | **Носител:** Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија<br>**Вклучени засегнати страни:** Фонд за иновации и | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| промовирање на претприемаштвото, граѓанскиот активизам и социјалното претприемништво | лица на претприемачко учење;<br>**И.2.3.5.2**. Број на млади лица таргетирани преку младинските организации | технолошки развој; граѓански организации; донаторска заедница | | |
| **А.2.3.6.** Поддршка на професионалниот развој на кадар во високото образование за социјално претприемништво | **И.2.3.6.1.** Број на стручни конференции за професионален развој на наставниците во социјалното претприемништво | **Носител:** Национален ресурсен и развоен центар за социјалните претпријатија;<br>**Вклучени засегнати страни:**Мрежа на социјални претпријатија на Македонија; образование и наука; Граѓански организации; високообразовни установи | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата, но со поголема динамика по 2023 година | Нема финансиски импликации |
| **А.2.3.7.** Развој на инкубатори (HUB-ови) во рамките на училиштата и високообразовните институции. | **И.2.3.7.1.** Број на развиени инкубатори | **Носител:** Министерство за образование и наука;<br>**Вклучени засегнати страни:** Биро за развој на образованието; ЈУ Центар за стручно образование и обука-Скопје;<br>високообразовни установи | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата, но со поголема динамика по 2023 година | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

| **Мерка 4:** Генерирање, консолидација и споделување на знаење за социјалните претпријатија и нивниот екосистем преку истражување, анализа, статистички податоци, итн. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А.2.4.1.** Спроведување на истражувања и анализи на капацитетите на различните модели и правни форми на социјалните претпријатија според дефинирана методологија | **И.2.4.1.1.** Извештај за состојбата на социјалните претпријатија<br>**И.2.4.1.2**. Дефинирана методологија за проценка на капацитетите на социјалните претпријатија | **Носител**: Министерството за труд и социјална политика , Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија;<br>**Вклучени засегнати страни:** високообразовни установи; граѓански организации; Државен завод за статистика; истражувачки центри итн. | На годишно ниво во рамките на спроведувањето на стратегијата | ~ **190.000 МКД**<br>ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“ |
